# Службен гласник

| Број 47 | 13.12.2019 година |
|---|---|

на Општина Кавадарци


**СОДРЖИНА**


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за јавна чистота за 2019 година; | **9** |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за јавна чистота за 2019 година | **9** |
| Решение за објавување на Одлука за кофинансирање и одредување на приоритетен Проект„ Реконструкција на регулирано речно корито на река „Луда Мара (од мост Слога до згради Силекс), | **10** |
| Одлука за кофинансирање и одредување на приоритетен Проект„ Реконструкција на регулирано речно корито на река „Луда Мара (од мост Слога до згради Силекс), | **10** |
| Решение за објавување на Одлука за давање на користење на ЈП„Комуналец„ Кавадарци - канализациона мрежа – Фаза 2 во с.Раец | **11** |
| Одлука за давање на користење на ЈП„Комуналец„ Кавадарци - канализациона мрежа – Фаза 2 во с.Раец | **12** |
| Решение за објавување на Одлука за кофинансирање на Проектот за реконструкција на водоводна линија, одвојување на атмосфреска од фекална канализација со комплетно асфалтирање на ул„клинска и дел од ул„Методија Ц.Цикот„; | **13** |
| Одлука за кофинансирање на Проектот за реконструкција на водоводна линија, одвојување на атмосфреска од фекална канализација со комплетно асфалтирање на ул„клинска и дел од ул„Методија Ц.Цикот„; | **13** |
| Решение за објавување на Одлука за усвојување на урбанистичка ревизија; | **14** |
| Одлука за усвојување на урбанистичка ревизија; | **15** |
| Решение за објавување на Одлука за усогласеност на проектната документација со Урбанистичка ревизија за Општина Кавадарци;<br>Одлука за усогласеност на проектната документација со | **15** |

| | |
|---|---|
| Урбанистичка ревизија за Општина Кавадарци; | **16** |
| Решение за објавување на Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем во Општина Кавадарци и на овластените лица за Видео Надзорот на територијата на Општина Кавадарци; | **16** |
| Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем во Општина Кавадарци и на овластените лица за Видео Надзорот на територијата на Општина Кавадарци; | **17** |
| Решение за објавување на Правилник за начинот и постапката за давање на користење на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци; | **23** |
| Правилник за начинот и постапката за давање на користење на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци; | **23** |
| Решение за објавување на Тарифник за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци; | **29** |
| Тарифник за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци; | **30** |
| Решение за објавување на Одлука за класификација на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци; | **31** |
| Одлука за класификација на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци; | **32** |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за издавање под закуп на училишен простор во Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци; | **35** |
| Одлука за давање согласност за издавање под закуп на училишен простор во Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци; | **35** |
| Решение за објавување на Програма за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци; | **39** |
| Програма за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци; | **40** |
| Решение за објавување на Одлука за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2019 година на ЈП за | **42** |

| | |
|---|---|
| стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци; | **42** |
| | |
| Одлука за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2019 година на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци; | **43** |
| Решение за објавување на Одлука за давање на согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судскиот предмет ВПП бр.41/19 поведен пред Основен суд Кавадарци; | **43** |
| Одлука за давање на согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судскиот предмет ВПП бр.41/19 поведен пред Основен суд Кавадарци; | **44** |
| Решение за објавување на Одлука за давање на согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судскиот предмет ВПП бр.21/19 поведен пред Основен суд Кавадарци; | **46** |
| Одлука за давање на согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судскиот предмет ВПП бр.21/19 поведен пред Основен суд Кавадарци; | **46** |
| Решение за објавување на Одлука за авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци; | **48** |
| Одлука за авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци; | **58** |
| Решение за објавување на Одлука за откажување на корисничко право на недвижен имот за КО Кавадарци 2; | **68** |
| Одлука за откажување на корисничко право на недвижен имот за КО Кавадарци 2; | **68** |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат; | **69** |
| Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат; | **70** |
| Решение за објавување на **Одлука за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2019 година;** | **73** |
| **Одлука за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2019 година;** | **74** |
| Решение за објавување на **Одлука за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2020 година;** | **74** |

| | |
|---|---|
| **Одлука за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2020 година;** | 75 |
| Решение за објавување на Стратегија за имплентација на меѓуетничка интеграција во основното и средното образование во Општина Кавадарци; | 76 |
| Стратегија за имплентација на меѓуетничка интеграција во основното и средното образование во Општина Кавадарци; | 77 |
| Решение за објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01-30.09.2019 година | 138 |
| Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01-30.09.2019 година | 138 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на измена на Финансискиот план за 2019 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци | 139 |
| Одлука за давање согласност на измена на Финансискиот план за 2019 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци | 139 |
| Решение за објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2020 година | 140 |
| Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2020 година | 140 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Финансискиот план за 2020 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци | 141 |
| Одлука за давање согласност на Финансискиот план за 2020 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци | 142 |
| Решение за објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци за период од 01.01-30.09.2019 година | 142 |
| Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци за период од 01.01-30.09.2019 година | 143 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на измена на Финансискиот план за 2019 година на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци | 143 |
| Одлука за давање согласност на измена на Финансискиот план за 2019 година на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци | 144 |
| Решение за објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за работа на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци за 2020 година | 144 |
| Одлуката за усвојување на Програмата за работа на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци за 2020 година | 145 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Финансискиот план за 2020 година на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ | 145 |

| | |
|---|---|
| Кавадарци | |
| Одлуката за давање согласност на Финансискиот план за 2020 година на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци | 146 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за внатрешна организација на ЈП„Комуналец„ Кавадарци | 147 |
| Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за внатрешна организација на ЈП„Комуналец„ Кавадарци | 147 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП„Комуналец„ Кавадарци | 148 |
| Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП„Комуналец„ Кавадарци | 149 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност за изменување на Статутот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци | 149 |
| Одлуката за давање согласност за изменување на Статутот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци | 150 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за основната плата и на додатоци на плата на вработените во ЈП„Комуналец„ Кавадарци | 151 |
| Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за основната плата и на додатоци на плата на вработените во ЈП„Комуналец„ Кавадарци | 151 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на за давање согласност на Одлука за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП„Комуналец„ Кавадарци од минати години | 152 |
| Одлуката за давање согласност на за давање согласност на Одлука за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП„Комуналец„ Кавадарци од минати години | 152 |
| Решение за објавување на Одлуката **за усвојување на Извештајот за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за третото тромесечие** | 153 |
| Одлуката **за усвојување на Извештајот за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за третото тромесечие** | 153 |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлуката **за усвојување на Програмата за работа и развој на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за 2020 година** | **154** |
| Одлуката **за усвојување на Програмата за работа и развој на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за 2020 година** | **155** |
| Решение за објавување на Одлуката **за усвојување на за усвојување на Програмата за работа на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци за 2020 година**<br>Одлуката **за усвојување на за усвојување на Програмата за работа на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци за 2020 година** | **155**<br>**156** |
| Решение за објавување на Одлуката **за давање согласност на Правилникот за плати, надоместоци на плата и други примања на вработените во ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци** | **156** |
| Одлуката **за давање согласност на Правилникот за плати, надоместоци на плата и други примања на вработените во ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци** | **157** |
| Решение за објавување на Одлуката **за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за исплата на плати на административните службеници, даватели на јавни услуги и помошно техничките лица вработени во ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци** | **158** |
| Одлуката **за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за исплата на плати на административните службеници, даватели на јавни услуги и помошно техничките лица вработени во ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци** | **158** |
| Решение за објавување на **Одлуката за давање согласност на Одлуката за отуѓување на движни ствари донесена од Училишен одбор на ООУ„Тоде Хаџи Тефов „ Кавадарци** | **159** |
| **Одлуката за давање согласност на Одлуката за отуѓување на движни ствари донесена од Училишен одбор на ООУ„Тоде Хаџи Тефов „ Кавадарци** | **160** |
| Решение за објавување на **Одлуката за давање согласност на Одлуката за отуѓување на движни ствари донесена од Училишен одбор на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци** | **160** |
| **Одлуката за давање согласност на Одлуката за отуѓување на движни ствари донесена од Училишен одбор на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци** | **161** |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Заклучокот **за усвојување на Извештајот за работа на Општинскиот Совет за превенција против малолетничка деликвенцијана град Кавадарци за 2019 година** | 161 |
| Заклучокот **за усвојување на Извештајот за работа на Општинскиот Совет за превенција против малолетничка деликвенцијана град Кавадарци за 2019 година** | 162 |
| Решение за објавување на Заклучокот **за усвојување на** Програмата за работа на Општинскиот Совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци за 2020 година | 162 |
| Заклучокот **за усвојување на** Програмата за работа на Општинскиот Совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци за 2020 година | 163 |
| Решение за објавување на Заклучокот **за усвојување на** Извештајот за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2019 година | 163 |
| Заклучокот **за усвојување на** Извештајот за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2019 година | 164 |
| Решение за објавување на Заклучокот **за усвојување на** Програмата за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2020 година | 165 |
| Заклучокот **за усвојување на** Програмата за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2020 година | 165 |
| Решение за објавување на Заклучок за давање негативно мислење | 166 |
| Заклучок за давање негативно мислење | 166 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на на Изменет Годишен План за вработување за 2020 година на ООУ„Гоце Делчев „ Кавадарци | 167 |
| Одлука за давање согласност на на Изменет Годишен План за вработување за 2020 година на ООУ„Гоце Делчев „ Кавадарци | 168 |
| Решение за објавување на **Одлуката за давање Согласност за судско порамнување** | 168 |
| **Одлуката за давање Согласност за судско порамнување** | 169 |
| Решение за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци | 170 |
| Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци | 170 |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлуката за усвојување на ЛОД – Методологијата - Проект за јакнење на локалната демократија | **171** |
| Одлуката за усвојување на ЛОД – Методологијата - Проект за јакнење на локалната демократија | **172** |
| Решение за објавување на **Одлуката за примање и давање на донација – на товарно возило од ДПТШУТ„ Транспорт Вано„ ДООЕЛ Кавадарци** | **173** |
| **Одлуката за примање и давање на донација – на товарно возило од ДПТШУТ„ Транспорт Вано„ ДООЕЛ Кавадарци** | **174** |
| Решение за објавување на Заклучок | **175** |
| Заклучок | **175** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Програмата за изменување и дополнување на Програмата за јавна чистота за 2019 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за јавна чистота за 2019 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/1**
**13.12.2019 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 12 од Законот за јавна чистота („Сл.Весник на РМ„бр.111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15), член 132 став 1, член 82 став 1 точка 26 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе :

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за јавна чистота за 2019 година**

**Член 1**

Во Програмата за јавна чистота за 2019 година бр.08-7166/15 од 26.12.2018 година(Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.30/2018), се врши следното изменување и дополнување:

Во глава -РАСХОДЕН ДЕЛ:

-Став 1 алинеја 1 се менува и гласи :

„Во период од месец Март до месец Ноември работите ќе бидат извршувани во 1-ва и 2-ра смена, додека во периодот од Ноември до Март во 1-ва смена. Од страна на механизација се користи цистерна и трактор.

Миењето на улиците ќе се врши во текот на целата година на територијата на град Кавадарци и во текот на зимскиот период доколку дозволуваат временски услови„.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6732/1**
**12.12.2019 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлуката**
**за кофинансирање и одредување на приоритетен**
**Проект„Реконструкција на регулирано речно корито**
**на река„Луда Мара (од мостот Слога до згради Силекс)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за кофинансирање и одредување на приоритетен Проект„Реконструкција на регулирано речно корито на река„Луда Мара (од мостот Слога до згради Силекс), донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/2**
**13.12.2019 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1, член 82 став 1 точка 26 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за кофинансирање и одредување на приоритетен**
**Проект„Реконструкција на регулирано речно корито на река„Луда Мара**
**(од мостот Слога до згради Силекс)**

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат парични средства во висина 16.999.911 денари за учество на Општина Кавадарци-Локална Самоуправа во Проектот „ Реконструкција на регулирано речно корито на река„Луда Мара (од мостот Слога до згради Силекс)", кој ќе се реализира преку Центарот за развој на Вардарскиот плански регион.

**Член 2**

Вкупната проценета вредност на Проектот „Реконструкција на регулирано речно корито на река „Луда Мара (од мостот Слога до згради Силекс)", изнесува 22.999.911 денари. Средствата во износ од 6.000.000 денари ќе се обезбедат од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година, а кофинансирањето на Општина Кавадарци е во висина од 16.999.911 денари, кое ќе се реализира во две фази, односно во 2020 година и 2021 година.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината од член 1, за првата фаза во износ од 8.000.000 денари ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2020 година, а за втората фаза износот од 8.999.911 денари ќе се обезбеди од Буџетот на општина Кавадарци за 2021 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-6732/2** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **12.12.2019 година** | **Претседател,** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлуката**
**за отстапување на ЈП..Комуналец„ Кавадарци**
**на управување и одржување на фекална канализација**
**населено место с.Раец крак 1 фаза 2**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за отстапување на ЈП..Комуналец„ Кавадарцина управување и одржување на фекална канализација населено место с.Раец

крак 1 фаза 2, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/3**
**13.12.2019 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 4 и 5 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани води („Сл.весник на РМ„ бр.68/04....31/16), член 132 став 1, член 88 став 1 точка 26 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 12.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отстапување на ЈП..Комуналец„ Кавадарци**
**на управување и одржување на фекална канализација**
**населено место с.Раец крак 1 фаза 2**

**Член 1**

Со оваа Одлука се отстапува на ЈП„Комуналец„ Кавадарци (како давател на услуга) управувањето и одржавањето на фекална канализација за населено место с.Раец крак 1 фаза 2, согласно Записник за примопредавање на објект со арх.бр.13-4187/22 од 03.12.2019 година, помеѓу Изведувачот „КОП Инжинеринг„ДООЕЛ скопје и Нарачателот Општина Кавадарци.

**Член 2**

ЈП„Комуналец како давател за извршената услуга да фактурира на правните и физичките лица корисници поврзани на фекалната канализација во населено место с.Раец, по цени согласно важечкиот ценовник одобрен од Советот на Општина Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6732/3**
**12.12.2019 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлуката**
**за кофинансирање на Проектот „Реконструкција на водоводна линија,одвојување на атмосферска од фекална канализација со комплетно асфалтирање на ул.„Клинска„ и дел од ул.„Методија Џунов Џикот”**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за кофинансирање на Проектот„Реконструкција на водоводна линија,одвојување на атмосферска од фекална канализација со комплетно асфалтирање на ул.„Клинска„ и дел од ул.„Методија Цунов Цикот”, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/4**
**13.12.2019 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1, член 82 став 1 точка 26 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.Гласник на општина Кавадарци” бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за кофинансирање на Проектот „Реконструкција на водоводна линија,одвојување на атмосферска од фекална канализација со комплетно асфалтирање на ул.„Клинска„ и дел од ул.„Методија Џунов Џикот”**

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат парични средства во висина од 2.284.676,4 денари за учество на Општина Кавадарци-Локална Самоуправа во Проектот „Реконструкција на водоводна линија,одвојување на атмосферска од фекална канализација со комплетно асфалтирање на ул.„Клинска„ и дел од ул.„Методија Џунов Џикот”.

**Член 2**

Вкупната проценета вредност на Проектот „Реконструкција на водоводна линија,одвојување на атмосферска од фекална канализација со комплетно асфалтирање на ул.„Клинска„ и дел од ул.„Методија Џунов Џикот”

изнесува 15.992.005,4 денари со вклучен ДДВ. Средствата во износ од 13.707.329 денари се обезбедени во вид на грант средства од Министерството за Финансии – Проект за подобрување на општинските услуги, а кофинансирањето на Општина Кавадарци е во висина од 2.284.676,04 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината од член 1, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-6732/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.12.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлуката**
**за усвојување на Урбанистичка ревизија**
**за Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за усвојување на Урбанистичка ревизија за Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.12.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1, член 82 став 1 точка 26 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.Гласник на општина Кавадарци”

бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Урбанистичка ревизија**
**за Општина Кавадарци**

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Урбанистичка ревизија за Општина Кавадарци, изработена за потребите на општината и Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Урбанистичката ревизија за Општина Кавадарци.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6732/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.12.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлуката**
**за усогласеност на проектната документација со Урбанистичка ревизија**
**за Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за усогласеност на проектната документација со Урбанистичка ревизија за Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.12.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1, член 82 став 1 точка 26 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усогласеност на проектната документација со Урбанистичка ревизија за Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука проектната документација - Основен Проект за Реконструкција на водоводната линија, одвојување на астмосферска од фекална канализација со комплет асфалтирање на ул.„Клинска„ и дел од ул.„Методија Цунов Цикот„, Конечен ревидентски извештај и Елаборат за оценка врз влијанието на животната средина се усогласува со Урбанистичка ревизија за Општина Кавадарци, изработена од Сектор за Локален економски развој-Општина Кавадарци.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-6732/6** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.12.2019 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Правилникот**
**за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем**
**во Општина Кавадарци**
**и на овластените лица за Видео Надзорот**
**на територијата на Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем во Општина Кавадарци и на овластените лица за Видео Надзорот на територијата на Општина Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.12.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 9-а, 9-б и 9-в од Законот за заштита на личните податоци (‘Службен весник на Република Северна Македонија’ бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16 и 64/2018), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), Правилник за начинот на вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци бр.08-5725/18 од 31.10.2019 година (Сл. Гласник бр.45/19), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе:

## П Р А В И Л Н И К

за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем во Општина Кавадарци и на овластените лица за видео надзорот на територијата на Општина Кавадарци

Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат обврските и одговорностите на администраторот на целокупниот информациски систем во Општина Кавадарци вклучувајќи го и видео надзорот на територијата на Општина Кавадарци и другите овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема што Општина Кавадарци во својство на контролор ги применува за целокупниот информацискиот систем за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и при спроведување на Видео надзорот на територија на Општина Кавадарци.

Член 2

Администратор на информацискиот систем во смисла на овој правилник е лице вработено во општината кој има посебно овластување од страна на Градоначалникот на Општина Кавадарци – прилог на овој Правилник.

Овластеното лице во смисла на овој Правилник е вработено лице во Општина Кавадарци – прилог на овој записник.

Градоначалникот на Општина Кавадарци по потреба може да овласти и друго лице за администрирање и пристап на информациски систем.

Градоначалникот на Општина Кавадарци по потреба може да овласти и друго лице за пристап и увид до снимените материјали од видео надзорот на територијата на Општина Кавадарци и до централната компјутерска единица за видео надзор на територијата на Општина Кавадарци.

Член 3

Администраторот на информацискиот систем во Општината ги има следните обврски и одговорности:

- врши анализа и проценка на ризиците на информацискиот систем на Општината;
- врши креирање, имплементација и развој на целокупниот процес на информативна сигурност;
- врши ревизија на инциденти поврзани со нарушувањата на безбедноста на информацискиот систем;
- врши доделување на корисничко име и Рандом лозинка (комбинација повеќе од 8 карактери комбинација од големи и мали букви и срецијални знаци) при вработување или ангажирање на овластено лице со пристап до информацискиот систем, како и бришење на корисничко име и лозинка на овластено лице на кое му престанало вработувањето или ангажирањето по претходно известување добиено од страна на вработеното лице кое ги врши работите за човечки ресурси во Општина Кавадарци;
- го определува нивото на пристап до документите/информациите содржани во информацискиот систем по претходно овластување добиено од страна на Градоначалникот на Општината;
- изработува програма за ревизии во однос на сигурноста на информацискиот систем;
- се грижи за спроведување на правилата за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните личните податоци.
- му помага на овластените лица за заштита на личните податоци при вршењето на нивните работни задачи согласно прописите за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Општина Кавадарци ;
- врши периодична контрола на евиденцијата за авторизиран пристап ;
- се грижи за организација на обуки на вработените во однос на одржување на безбедноста на информацискиот систем;
- да врши и други предвидени согласно Законот за заштита на личните податоци.

За начинот на извршување на работата на администраторот на информацискиот систем и видео надзорот на територијата на Општина Кавадарци, се врши периодична контрола од страна на комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

За извршената периодична контрола комисијата од ставот 2 на овој член изработува извештај во кој ги внесува констатираните неправилности и предложените мерки за нивно отстранување.

Член 4

Секое овластено лице, кое има пристап до личните податоци и до информатичко комуникациската опрема како и до видео надзорот на територијата на Општина Кавадарци ги има следните обврски и одговорности:

- должно е да се придржува до сите правила и процедури донесени од страна на Општина Кавадарци за обработка на лични податоци при спроведување на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци;
- должно е да се придржува до сите правила и процедури донесени од страна на Општина Кавадарци за пристап до информационит систем во Општина Кавадарци;
- должен е да ги применува сите мерки за физичка безбедност на просториите каде се наоѓа информацискиот систем на Општина Кавадарци или просториите каде е сместена;
- должен е да ги применува сите мерки за физичка безбедност на просториите каде се наоѓа централната компјутерска единица за видео надзор на територијата на Општина Кавадарци
- должен е веднаш да пријави кај администраторот на информацискиот систем секакво сознание, било директно или индиректно, до кое овластеното лице ќе дојде, а може да укажува дека постои ризик од нарушување, или аномалија на системот за тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Кавадарци, било да се работи за надворешен или за внатрешен ризик;
- не смее да ја прекршува преземената обврска за доверливост, со која се обврзува дека секој податок до кој ќе дојде во текот на работењето во Општина Кавадарци, а кој спаѓа во категоријата на личен податок согласно прописите за заштита на личните податоци, ќе го чува како доверлив и нема да го пренесува, оддава, ниту на друг начин ќе го стави на располагање на било кое друго лице и во било која форма, надвор од системот на пропишани и воспоставени технички и организациски мерки според кои во Општина Кавадарци се врши обработката на личните податоци на на информацискиот систем или при спроведување на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци;
- секој инцидент кој ќе го забележи, овластено лице мора да го евидентира во писмена форма од моментот кога е забележан до неговата санација;
- доделеното корисничко име и и Рандом лозинка (комбинација повеќе од 8 карактери комбинација од големи и мали букви и спрецијални знаци )овластено лице е должно да ги чува и да не ги споделува со други лица;
- овластено лице со потпишување на договорот за работа е должно да потпише и „Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци";

- овластено лице при работа со документи кои содржат лични податоци треба да внимава истите да не ги направи непотребно видливи на трети лица;
- овластено лице по престанокот на работното време и за време на паузи и отсуства документите кои содржат лични податоци треба да ги чува на место на кое што нема да бидат непотребно видливи.

Член 5

Овластените лица задолжително се информираат за техничките и организациските мерки кои се однесуваат на извршувањето на нивните обврски и одговорности.

Член 6

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-6732/7** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **12.12.2019 година** | **Претседател,** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **Ристо Сакалиев** |

Прилог

Врз основа на одредбите од член 2 ст.1 од Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем во Општина Кавадарци и на овластените лица за Видео Надзорот на територијата на Општина Кавадарци бр._____________ од _____.2019, Градоначалникот на Општина Кавадарци го донесува следното:

## РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ
### за администратор информациски систем

Се ОВЛАСТУВА вработениот ________________________________ (име и презиме), на работно место/во улога на _____________________(назив на работното место/улогата) _______________ во Општина Кавадарци, да врши работни задачи Администратор на информациски системот.

Административниот службеник е должен да ги Врши следнитеработи и работни задачи:
- врши анализа и проценка на ризиците на информацискиот систем на Општината;
- врши креирање, имплементација и развој на целокупниот процес на информативна сигурност;
- врши ревизија на инциденти поврзани со нарушувањата на безбедноста на информацискиот систем;
- врши доделување на корисничко име и Рандом лозинка (комбинација повеќе од 8 карактери комбинација од големи и мали букви и спрецијални знаци) при

вработување или ангажирање на овластено лице со пристап до информацискиот систем, како и бришење на корисничко име и лозинка на овластено лице на кое му престанало вработувањето или ангажирањето по претходно известување добиено од страна на вработеното лице кое ги врши работите за човечки ресурси во Општина Кавадарци;
- го определува нивото на пристап до документите/информациите содржани во информацискиот систем по претходно овластување добиено од страна на Градоначалникот на Општината;
- изработува програма за ревизии во однос на сигурноста на информацискиот систем;
- се грижи за спроведување на правилата за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните личните податоци.
- му помага на овластените лица за заштита на личните податоци при вршењето на нивните работни задачи согласно прописите за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Општина Кавадарци ;
- врши периодична контрола на евиденцијата за авторизиран пристап ;
- се грижи за организација на обуки на вработените во однос на одржување на безбедноста на информацискиот систем;
- да врши и други предвидени согласно Законот за заштита на личните податоци.

Овластувањето стапува во сила со денот на донесувањето.

Општина Кавадарци
Градоначалник
М-р Митко Јанчев

Прилог

Врз основа на одредбите од член 2 ст.2 од Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем во Општина Кавадарци и на овластените лица за Видео Надзорот на територијата на Општина Кавадарци бр.____________ од _____.2019, Градоначалникот на Општина Кавадарци го донесува следното:

## РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

Се ОВЛАСТУВА вработениот ______________________________ (име и презиме), на работно место/во улога на ___________________(назив на работното место/улогата) ______________ во Општина Кавадарци, да ги врши следните работни задачи

- должно е да се придржува до сите правила и процедури донесени од страна на Општина Кавадарци за обработка на лични податоци при спроведување на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци
- должно е да се придржува до сите правила и процедури донесени од страна на Општина Кавадарци за пристап до информационит систем во Општина Кавадарци;
- должен е да ги применува сите мерки за физичка безбедност на просториите каде се наоѓа информацискиот систем на Општина Кавадарци или просториите каде е сместена;
- должен е да ги применува сите мерки за физичка безбедност на просториите каде се наоѓа централната компјутерска единица за видео надзор на територијата на Општина Кавадарци
- должен е веднаш да пријави кај администраторот на информацискиот систем секакво сознание, било директно или индиректно, до кое овластеното лице ќе дојде, а може да укажува дека постои ризик од нарушување, или аномалија на системот за тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Кавадарци, било да се работи за надворешен или за внатрешен ризик;
- не смее да ја прекршува преземената обврска за доверливост, со која се обврзува дека секој податок до кој ќе дојде во текот на работењето во Општина Кавадарци, а кој спаѓа во категоријата на личен податок согласно прописите за заштита на личните податоци, ќе го чува како доверлив и нема да го пренесува, оддава, ниту на друг начин ќе го стави на располагање на било кое друго лице и во било која форма, надвор од системот на пропишани и воспоставени технички и организациски мерки според кои во Општина Кавадарци се врши обработката на личните податоци на на информацискиот систем или при спроведување на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци;
- секој инцидент кој ќе го забележи, овластено лице мора да го евидентира во писмена форма од моментот кога е забележан до неговата санација;
- доделеното корисничко име и и Рандом лозинка (комбинација повеќе од 8 карактери комбинација од големи и мали букви и спрецијални знаци )овластено лице е должно да ги чува и да не ги споделува со други лица;
- овластено лице со потпишување на договорот за работа е должно да потпише и „Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци";
- овластено лице при работа со документи кои содржат лични податоци треба да внимава истите да не ги направи непотребно видливи на трети лица;
- овластено лице по престанокот на работното време и за време на паузи и отсуства документите кои содржат лични податоци треба да ги чува на место на кое што нема да бидат непотребно видливи.
- да врши и други предвидени согласно Законот за заштита на личните податоци.

Овластувањето стапува во сила со денот на донесувањето.

Општина Кавадарци
Градоначалник
М-р Митко Јанчев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Правилникот**
**за начинот и постапката за давање на користење на објектите за спорт во рамки на општинските основни и средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Правилникот за начинот и постапката за давање на користење на објектите за спорт во рамки на општинските основни и средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.12.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Република Македонија” бр.05/2002), член 65 од Законот за спортот („Сл.весник на Република Македонија” бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/2, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 06/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16, 52/19, 98/19), Уредба за начинот на користење на објектите за спорт од национално и локално значење во сопственост на Република Македонија и единиците на локална самоуправа („Сл.весник на Република Македонија” бр. 27/16), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО РАМКИ НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на користење на објектите за спорт во рамките на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци, (во понатамошниот текст: објекти за спорт).

Спортските сали, фискултурните сали, фудбалските игралишта и повеќенаменските игралишта во Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци, се објекти кои се даваат на користење на субјекти во спортот за изведување на спортски активности и на други субјекти - физички и правни лица за реализација на тренинг, натпревари, рекреативни активности и други настани.

**Член 2**

Објектите за спорт се даваат на користење на определено време од една (1) година и истиот не може да се издава во подзакуп.

Објектите за спорт се даваат на користење на подолг период од една (1) година, доколку корисникот има намера да вложи сопствени финансиски средства во инвестиционо и тековно одржување на објектот за спорт од локално значење, што е во функција на подобрување на условите за организирање на спортски и рекреативни активности.

**Член 3**

Објектите за спорт од член 1 на оваа Одлука се даваат на користење само доколку:

- Во времетраењето на давањето, не се во функција на воспитно образовниот процес или давањето не ја попречува функцијата, текот и квалитетот на воспитно образовниот процес;
- Употребата нема да влијае на безбедноста на учениците, како и лицата што ќе ги користат деловите од објектите за спорт;
- Намената заради која се издава, не доведува до негово оштетување.

**Член 4**

Објектите за спорт во рамките на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци, се категоризираат врз основа на Одлука за класификација на објектите за спорт, донесена од страна на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци, се утврдува согласно Тарифник, донесен од страна на Советот на Општина Кавадарци.

## II. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА

**Член 6**

Постапката за давање на користење на објектите за спорт во Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци ја спроведува Комисија формирана од страна на Училишниот Одбор.

**Член 7**

Комисијата од член 6 од оваа Одлука, во месец Јуни и Септември во тековната година, објавува Јавен Повик за користење термини на деловите од објектите за спорт кои се во функција на спортот.

За издавање на објектите за спорт на подолг период од една (1) година, со вложување на сопствени финансиски средства во инвестиционо и тековно одржување на објектот, се објавува Јавен повик во електронските или печатените медиуми.

**Член 8**

Јавниот Повик за давање на користење на објектите за спорт содржи:

- назив и адреса на органот кој го распишува Јавниот повик;
- местоположба на објектот за спорт;
- намената на објектот за спорт;
- напомена дека објектот за спорт се издава во видена состојба;
- рок на траење на Јавниот повик;
- начин на пријавување на Јавниот повик;
- висината на износ на терминот кој се дава на користење на објектите за спорт ;
- критериум за избор;
- време на издавање;
- износ кој треба да се уплати за учество на Јавен повик;
- можност за вложување на сопствени финансиски средства во инвестиционо и тековно одржување на објектот за спорт.

Согласност за објавување на Јавниот Повик за издавање на објектот за спорт со вложување на сопствени финансиски средства во инвестиционо и тековно одржување, дава Советот на Општина Кавадарци.

**Член 9**

Правните и физичките лица кои учествуваат на Јавниот Повик кон Барањето треба да достават:

А. Правни лица

- Доказ за регистрирана дејност;
- Тековна состојба на правното лице издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија;
- доказ за уплатен износ за учество на јавниот повик;
- тел. за контакт, адреса и е-маил адреса;
- жиро сметка на правното лице.

Б. За физички лица:

- доказ за идентификација (лична карта или патна исправа);
- доказ за уплатен износ за учество на Јавниот повик;
- тел. за контакт, адреса и е-маил адреса;
- трансакциска сметка.

**Член 10**

Потребната документација за учество на Јавниот повик се доставува во архивата на училиштето.

Барањето и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака „не отварај" и со назнака „за Јавен Повик за давање на користење на објектите за спорт" и бројот на повикот.

Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува барателот.

Барањето се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице на барателот.

При поднесување на барањето задолжително се евидентира поднесувањето на барањето со ден, час и минута.

**Член 11**

Пристигнатите барања ги отвара и разгледува Комисијата од член 6 од оваа Одлука без присуство на пријавените кандидати.

Некомплетните и ненавремено доставените барања, Комисијата нема да ги разгледува и за истото ги известува барателите.

**Член 12**

По поднесените барања од страна на барателот, Комисијата дава термин за користење на објектите за спорт согласно Јавниот повик.

Во случај барањето да биде поднесено од два или повеќе баратели за користење на ист термин, терминот ќе се даде на барателот кој прв поднел барање.

Незадоволните баратели кои учествувале на Јавниот Повик немаат право на приговор. Одлуката на Комисијата е конечна.

Користењето на терминот во објектот за спорт од локално значење, кои се во функција на спортот, се врши врз основа на склучен договор помеѓу училиштето и корисникот.

**Член 13**

Слободните термини кои не се издадени согласно член 11 од овој Правилник, за деловите од објектите за спорт од локално значење кои се во функција на спортот, по претходно доставено барање и приложена потребна документација, се даваат на користење на физички и правни лица, за пократок период од 1 (една) година односно најмалку 1 (еден) месец, за реализација на тренинг и натпревари, како и за рекреативни активности и други настани.

По поднесените барања од страна на субјектите од став 1 на овој член, Комисијата дава термин за користење на објектите за спорт согласно Јавниот повик.

Користењето на терминот во објектот за спорт од локално значење, кои се во функција на спортот, се врши врз основа на склучен договор помеѓу училиштето и корисникот.

**Член 14**

Корисникот на објектот за спорт кој има намера да вложува финансиски средства до училиштето доставува Барање со проектна документација согласно Законот за градење, кое што се препраќа до Советот на Општина Кавадарци заради добивање согласност за инвестиционите вложувања во обејктот за спорт.

**Член 15**

Доколку Советот на Општината даде согласност за инвестиционите вложувања, корисникот може да го користи објектот за спорт подолго од една (1) година, но не повеќе од пет (5) години, односно во зависност од вложените финансиски средства и тоа:

| За вложување од:<br>(денарска противвредност) | Времетраење на договорот |
|---|---|
| до 3.000 Евра | 2 години |
| до 5.000 Евра | 3 години |
| до 10.000 Евра | 4 години |
| над 10.000 Евра | 5 години |

**Член 16**

Вредноста на инвестиционите вложувања е врз основа на проценка од овластен проценител ангажиран од страна на општината.

## III. КОМИСИЈА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА

**Член 17**

Постапката за давање на користење на објектите за спорт во Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци ја спроведува Комисија за давање на користење на деловите од објектите за спорт согласно овој Правилник, формирана од страна на Училишниот Одбор.

Комисијата е составена од претседател и два члена и нивни заменици.

Комисијата е надлежна:

- да распише јавен повик за давање на користење на објектите за спорт;
- да ги отвори и разгледа пристигнатите Барања;
- доставува извештај со предлог до Директорот на училиштето за склучување на договор за давање на термин за користење на објектите за спорт;
- го утврдува времето на давање на користење на објектите за спорт.
-

**Член 18**

Комисијата работи на седници што ги свикува и со кои раководи претседателот на комисијата кој се грижи за правилно и законито работење на истата.

За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

**Член 19**

За користење на деловите од објектите за спорт училиштето и корисникот склучуваат писмен договор со кој се уредуваат меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат од предметот на договорот.

**Член 20**

Корисниците на деловите од објектите за спорт во Општинските Основни и Средни училишта се должни:

- да се однесуваат кон просторот кој го користат како добри домаќини;
- просторот кој го користат да го оставаат секогаш во исправна и уредна состојба како што е затекнат;
- да ги почитуваат условите и куќниот ред;

- доколку за време на користењето настане штета причинета од користење спротивно на намената, должни се да ја надоместат утврдената штета.

**Член 21**

Средствата остварени по основ користење на деловите од објектите за спорт се користат наменски и ќе се распределуваат за следната намена:

- подобрување на условите за воспитно-образовната дејност на училиштето;
- финансирање на проекти за унапредување и модернизација на воспитно-образовниот процес;
- тековно и инвестиционо одржување и надоместување на режиски трошоци за комунални услуги.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 22**

Со влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Одлуката за давање под закуп на училишниот простор во Основните и Средните училишта во Општина Кавадарци бр. 07-3068/6 од 16.07.2010 година („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.20/2010).

**Член 23**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6732/8**
**12.12.2019 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Тарифникот**
**за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во рамки на општинските основни и средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Тарифникот за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во рамки на општинските основни и средни училишта во

сопственост на Општина Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.12.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Република Македонија” бр.05/2002), член 65 став 6 од Законот за спортот („Сл.весник на Република Македонија” бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/2, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 06/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16, 52/19, 98/19), член 5 од Правилникот за начинот на користење на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.47/2019), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05,14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе

## Т А Р И Ф Н И К
## за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во рамките на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци (во понатамошниот текст: објекти за спорт).

### Член 2

Висината на износот за користење на објектите за спорт се утврдува во евра/час во денарска противредност.

При утврдување на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт, предвид се земаат трошоците за комунални услуги (струја, вода и слично), како и пазарните услови на подрачјето на кое е лоциран објектот за спорт.

### Член 3

Објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци се даваат на користење согласно Одлуката за

класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на општина Кавадарци и Правилникот за начинот и постапката на давање на користење на објектите за спорт во рамките на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци, донесени од страна на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Висината на надоместокот за користење на објектите за спорт за времетраење од еден час (термин) изнесува 10 евра/час во денарска противвредност.

**Член 5**

Висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци, се определува во Евра, а се плаќа во денарска противвредност спооред среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија, сметано на денот на фактурирањето.

**Член 6**

Овој Тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6732/9**
**12.12.2019 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлуката за класификација на објектите за спорт во рамки на општинските основни и средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за класификација на објектите за спорт во рамки на општинските основни и средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/10**
**13.12.2019 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Република Македонија" бр.05/2002), член 65 став 14 од Законот за спортот („Сл.весник на Република Македонија" бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/2, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 06/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16,52/19, 98/19), член 4 од Правилникот за начинот на користење на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци" бр.47/2019), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05,14/10, 24/10, 38/19), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе

## ОДЛУКА
## за класификација на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци

### Член 1

Со оваа Одлука се врши класификација на објектите за спорт во рамките на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци (во понатамошниот текст: објекти за спорт).

### Член 2

Објектите за спорт во рамките на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци се класифицираат согласно нивната функционалност, опременост, безбедност, инфраструктурни компененти и содржини за спорт и спортско –рекреативни активности, согласнос стандардите за организирање национален и меѓународен систем на натпревари.

### Член 3

Објектите за спорт што се во сопственост на Општина Кавадарци обезбедуваат услови за:

- остварување на локалниот интерес;
- остварување на содржините на спортските активности;

- обезбедување на квалитет и можности за одржување на спортски натпревариод спортско-рекреативни активности,
- натпревари во првиот, вториот и третиот степен на системот на натпревари на државните спортски федерации;

**Член 4**

Објектите за спорт во рамките на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци се дадени во Табела 1, која е составен дел на оваа Одлука.

Табела 1

| Ред.бр | Основни училишта | Адреса | Класификација |
|---|---|---|---|
| 1 | Општинско Основно Училиште „Тоде Хаџи Тефов" | ул. Пионерска бр.24 | Училишна сала, фудбалско-ракометно игралиште и кошаркарско игралиште |
| 2 | Подрачно Општинско Училиште „Тоде Х.Тефов" с.Бегниште | с.Бегниште | Фудбалско-ракометно игралиште |
| 3 | Општинско Основно Училиште „Димката А.Габерот" - Кавадарци | ул. Браќа Хаџи Тефови бр. 40 | Училишна сала, фудбалско-ракометно игралиште и терен за кошарка |
| 4 | Подрачно Основно Училиште „Димката А.Габерот" - с.Сопот | с.Сопот | Фудбалско-ракометно игралиште и кошаркарско игралиште |
| 5 | Општинско Основно Училиште „Димката А. Габерот" - Ваташа | ул. Страшо Пинџур бр.186 | Фудбалско-ракометно игралиште и терен за кошарка |
| 6 | Општинско Основно Училиште „Тошо Велков Пепето" | ул. Димката Ангелов Габерот бр. 27 | Училишна сала, фудбалско-ракометно игралиште и кошаркарско игралиште |
| 7 | Општинско Основно Училиште „Гоце Делечев" | ул. Цветан Димов бр.1 | Училишна сала, повеќе-наменско игралиште и фудбалско-ракометно игралиште |
| 8 | Општинско Основно Училиште | ул. Димката Ангелов | Фудбалско-ракометно игралиште и кошаркарско |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | „Страшо Пинџур” | Габерот бр. 3 | игралиште |
| 9 | Подрачно Основно Училиште „Страшо Пинџур” - с.Возарци | с.Возарци | Фудбалско игралиште |
| 10 | Подрачно Општинско Училиште „Страшо Пинџур” - с.Дреново | с.Дреново | Фудбалско игралиште |
| 11 | Подрачно Општинско Училиште „Страшо Пинџур” - с.Марена | с.Марена | Фудбалско игралиште и кошаркарско игралиште |
| 13 | Општинско Основно Музичко и Балетско Училиште „Лазо Мицев Рале” | ул. Браќа Миладинови бб | Училишна балетска сала |
| 14 | Средно Општинско Училиште Гимназија „Добри Даскалов” | ул. Мито Хаџи Василев бр.68 | Училишна сала, тениско игралиште, фудбалско-ракометно игралиште и кошаркарско игралиште |
| 15 | Средно Општинско Училиште „Киро Спанџов Брко” | ул. Шишка бр.29 | Училишна сала, фудбалско-ракометно игралиште, терен за кошарка и терен за одбојка |
| 16 | Средно Општинско Земјоделско и Шумарско Училиште „Ѓорче Петров” | ул.Шишка бр.23 | Училишна сала, фудбалско-ракометно игралиште (не е во функција) |

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-6732/10**
**12.12.2019 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за издавање под закуп на училишен простор во Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за издавање под закуп на училишен простор во Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.12.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 15 и член 67 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Република Македонија" бр.05/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05, 24/10, 38/19), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за издавање под закуп на училишен простор во Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци**

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Општинските Основни и Средни училишта да може да спроведуваат постапка и да склучуваат договори за издавање под закуп на училишен простор во Општинските Основни и Средни училишта, во сопственост на Општина Кавадарци.

**Член 2**

Под училишен простор, во смисла на оваа одлука се подразбира просторот во објектот на училиштето, чиј сопственик е Општина Кавадарци, а корисник е Општинското Основно и Средно училиште.

**Член 3**

Училишниот простор може да се дава на користење на правни и физички лица за определен период, во определени термини (по час) или по метар квадратен, врз основа на проценета вредност согласно Законот за процена, како и други законски и подзаконски прописи и акти.

**Член 5**

Предмет на користење може да биде следниот училишен простор:

- Простории кои се во функција на наставата:
  - училници;
  - кабинети;
- Други простории кои не се во функција на наставата:
  - училишен хол;
  - работилници;
  - магацини;
  - подрум, гаражи и други помошни простории.

## УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР

**Член 6**

Училишниот простор може да се дава на користење само доколку:

- Просторот, во времетраењето – терминот на издавањето, не ја попречува функцијата, текот и квалитетот на воспитно-образовниот процес;
- употребата на просторот нема да влијае на безбедноста на учениците, како и на лицата кои ќе го користат училишниот простор;
- намената заради која се користи училишниот простор не доведува до негово оштетување и
- користењето на просторот да е во согласност со законската регулатива од областа на животната средина.

**Член 7**

Училишниот простор се дава на користење со јавно наддавање, врз основа на Одлука донесена од страна на Училишниот Одбор.

Училишниот простор даден во закуп не може да се дава во подзакуп.

**Член 8**

Одлуката од член 7 на оваа Одлука содржи:

- определување на просторот што ќе се дава на користење;
- намена на просторот што ќе се користи;
- времетраење и начин на користење на просторот (по час-термин или по м2);
- почетна цена на надоместокот за користење на просторот;
- употребата на просторот нема да влијае на безбедноста на учениците и на квалитетот на воспитно-образовниот процес;

- други прашања во врска со давањето на користење на училишниот простор.

**Член 9**

Постапката по јавниот оглас за избор на најповолна понуда ја спроведува Комисија формирана од страна на Училишниот одбор.

**Член 10**

За просторот или терминот на давање на користење на просторот, училиштето и корисникот склучуваат писмен договор со кој се утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат од предметот на договорот.

(2) Договорот за давање на користење на училишниот просторт содржи:

- страни на договорот,
- предмет на договорот,
- намената за која се дава просторот,
- времетраењето на користење,
- цена ( по м2 или час) и начин на плаќање,
- обврски на корисникот согласно намената на просторот,
- обезбедување на побарувањата од договорот,
- услови за раскинување на договорот,
- други прашања од значење за реализацијата на договорот.

НАМЕНА НА ПРОСТОРОТ

**Член 11**

Училишниот простор може да се издава за следните намени:

- изведување на настава (практична и теоретска);
- спорт и рекреација;
- културни и други манифестации;
- угостителски услуги за прехранбени производи-исхрана на учениците за настава со продолжен престој и други дејности од мал обем, под услов да не пречи на наставата и да се исполнети законските услови за вршење на тие дејности и согласно позитивните прописи за заштита на животната средина.

**Член 12**

Доколку за користење на училишниот простор кој се издава се потребни согласности-дозволи од страна на надлежни органи, корисникот е должен на своја сметка да ги обезбеди истите.

**Член 13**

Доколку училишниот простор се дава со опрема и инвентар што не може физички да се издвои или истите се во функција на намената за која просторот се издава (настава, спорт и рекреација, културни и други манифестации), закупецот е

должен да положи депозит за покривање на претпоставена штета што може да биде причинета при користење на просторот.

## ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР

### Член 14

Висината на надоместокот за користење на училишниот простор може да се утврдува во евра/м2 или евро/час, во денарска противвредност според среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија, врз основа на проценета вредност согласно Законот за процена.

Вредноста на недвижната ствар од став 1 на овој член ја определува овластен проценител, согласно Законот за процена како и врз основа на други законски и подзаконски прописи и акти, со примена на компаративна метода, согласно микролокацијата на објектот и други погодности согласно условите на пазарот на недвижности.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР

### Член 15

(1) Договорот за користење на училишниот простор се склучува за време 1 година.

(2) По исклучок од став 1 на овој член, доколку користењето на просторот е поврзано со инвестициони вложувања од страна на корисникот, договорот може да се склучи и за подолг период, но не повеќе од 5 години и тоа:

| За вложувања до : | времетраење на закупот |
|---|---|
| 3000 Еур денарска противвредност | 2 години |
| 5000 Еур денарска противвредност | 3 години |
| 10.000 Еур денарска противвредност | 4 години |
| Над 10.000Еур денарска противвредност | 5 години |

Вредноста на инвестиционите вложувања е врз основа на проценка од овластен проценител.

(3) Кога издавањето е поврзано со инвестициони вложувања од страна на корисникот, правата и обврските меѓу корисникот и училиштето за инвестирањето се уредуваат со посебен договор, врз основа на претходно доставен идеен, проект, основен (со сите фази за кои има потреба), одобрен од страна на надлежниот орган на Општината и обезбедени сите согласности и одобренија за градба.

## НАМЕНА НА СРЕДСТВАТА ОД КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР

### Член 16

Средствата остварени по основ користење на училишниот простор се користат наменски и се распределуваат за следната намена:

- подобрување на условите за воспитно образовната дејност на училиштата,

- финансирање на проекти за унапредување и модернизација на образовниот процес на училиштата;

- тековно или инвестиционо одржување и надоместување на трошоците за електрична енергија, парно, грееење, телефон, интернет и др.

НАДЗОР

**Член 17**

Надзор над спроведувањето на оваа Одлука врши овластениот внатрешен ревизор.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање под закуп на училишниот простор во Основните и Средните училишта во Општина Кавадарци бр. 07-3068/6 од 16.07.2010 година („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.20/2010).

**Член 19**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6732/11**
**12.12.2019 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Програмата**
**за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Програмата за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/12**
**13.12.2019 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005,14/10,24/10,38/19 ), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе:

## П Р О Г Р А М А

## За обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци

### Вовед

Општина Кавадарци покрај постојаната поддршка на програми проекти за спортска и рекреативна активност на младите од градот кои се предуслов за правилен раст и развој на младите, континуирано инвестира во инфраструктурни објекти кои се во насока на оставрување на овие цели.

Правниот субјект кој стопанисува со лизгалиштето на мраз има обврска да овозможи бесплатно користење на лизгалиштето на учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци заради одржување на часови по физичко образование и тоа : три часа - 09:00-12:00 часот претпладне и од 13:00-16:00 часот попладне секој работен ден во периодот од 15 декември 2019 година до 15 март 2020 година, освен за време на зимскиот распуст .

### Цели на Програмата

Со бесплатното користење на лизгалиштето на мраз ке се создадат услови за поголема спортска, едукативна и забавна активност на учениците од основните и средните училишта во градот, по однапред утврден распоред од училиштата предмет на оваа Програма и тоа:

| ден | училиште | ТЕРМИН | | | | | | вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 9-10 часот | 10-11 часот | 11-12 часот | 13-14 часот | 14-15 часот | 15-16 часот | |
| Понеделник | ОУ Страшо Пинџур ОУ Димката Ангелов Габерот Ваташа | 40 ученици V одд | 40 ученици IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | СОУ Гимназија Добри Даскалов | | | | | | I-II година | |
| Вторник | ОУ Димката Ангелов Габерот Кавадарци | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | СОУ Гимназија Добри Даскалов | | | | | | III-IV година | |
| Среда | ОУ Гоце Делчев | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | СОУ Киро Спанџов Брко | | | | | | I-II година | |
| | СОУ Ѓорче Петров | | | | | | I-II година | |
| Четврток | ОУ Тошо Велков Пепето | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | СОУ Киро Спанџов Брко | | | | | | III-IV година | |
| | СОУ Ѓорче Петров | | | | | | III-IV година | |
| Петок | ОУ Тоде Хаџи Тефов | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | НЕОПФАТЕНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | | | | | | VIII-IX одд | |
| | | | | | | | | 1200 |

Во текот на 1 недела 1200 ученици

За спроведување на оваа Програма од Буџетот на општина Квадарци ке се обезбедат финансиски средства во вкупен износ од 500.000 денари –кои ке се трансферираат до ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадрци со намена за покривање на трошоци за електрична енергија за лизгалиште на мраз, заради остварување на јавен интерес- бесплатно спортско рекреативни активности на учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-6732/12**
**12.12.2019 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година на ЈП за стопанисување со спортски објекти „ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/13**
**13.12.2019 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005,14/10,24/10,38/19), Записник од комисијата за финансии и буџет бр. 08-6756/2 од 10.12.2019 година,Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година на ЈП за стопанисување со спортски објекти „ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се трасферираат финансиски средства во износ од 500.000 денари од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година, на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци со намена за покривање на трошоци за електрична енергија за лизгалиште на мраз во склоп на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци заради остварување на јавен интерес бесплатно спортско рекреативни активности на учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ке се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година Програма- ГА –подршка на локален економски развој конто 464990 –други трансфери, и истите ке бидат трасферирани на сметка на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-6732/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.12.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.41/19 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.41/19 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.12.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, 14/10, 24/10 и 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.41/19 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.41/19, поведен пред Основен суд Кавадарци.

ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.41/2019 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште со кп.бр.12492/4 во површина од 81 м2 која претставува дел од кп.бр.12492/1 во м.в.„Дисанска" култура гиз со право на сопственост на противникот Стојков Диме по Имотен лист бр.10984 КО Кавадарци 2 согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-233 од 25.03.2019 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради изградба на улица 1,2,3 и 4 предвидена со ДУП за плански опфат „Дисанска" Кавадарци 2009-2014 Кавадарци согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за реализација на урбанистички план за експропријација на земјиште за изградба на линиски објекти дел од улица 1 (ДУП за плански опфат Дисанска 2009 – 2014 кп.бр.12492/1, кп.бр.12492/3 и кп.бр.12498) нумерички податоци за експропријација во КО Кавадарци град со деловоден број 0801-365/2018 од 21.12.2018 година изработен од „ГЕОДАТА ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Кавадарци.
2. При спроведувањето на Решението за експропријација од точка 1 на оваа спогодба од страна на Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение за катастар на недвижности Кавадарци преку дигитализација на

катастарските планови експропририраното земјиште со кп.бр.12492/4 сопственост на противникот Стојков Диме е запишано во површина од 80 м2 на Имотен лист 16949 КО Кавадарци 2 како сопственост на Република Македонија со право на користење на противникот Општина Кавадарци – Локална самоуправа.

3. Страните на Судската Спогодба се согласни за експропририраното земјиште од точка 1 и 2 на оваа спогодба во вкупна површина од 80 м2, предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противникот Диме Стојков – износ од 2.152,00 ден./м2 односно надоместок во вкупен износ од 172.160,00 денари.

4. Противникот е согласен надоместокот во износ од 172.160,00 денари предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба, на трансакциона сметка на противникот.

5. Оваа Судска Спогодба го опфаќа предметот на спорот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.41/19 само за противникот Диме Стојков.

6. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.41/19 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6732/14**
**12.12.2019 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/19 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/19 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.12.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр. 8/05, 14/10, 24/10 и 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 12.12.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/19 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/19, поведен пред Основен суд Кавадарци.

ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.21/2019 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште со кп.бр.12119/4 во површина од 18 м2 која претставува дел од кп.бр.12119/1 во м.в.„Рајко Жинзифов“ култура гнз со право на сосопственост од 2/4 на противникот Ванко Каровски, ¼ на противникот Сашо Каров и ¼ на противникот Тодор Каров по Имотен лист бр.11019 КО Кавадарци 2 согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-434 од 25.01.2019 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно

одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради изградба на дел од улица „Рајко Жинзифов“ КО Кавадарци 2 предвидена со ДУП за дел од УБ 2К – 25 – ти Мај 2011-2016 Кавадарци согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за реализација на урбанистички план за експропријација на земјиште за изградба на линиски објекти дел од улица Рајко Жинзифов (ДУП за дел од УБ 2К – 25 – ти Мај 2011-2016) КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град со деловоден број 0801/202/2018 од 13.08.2018 година изработен од „ГЕОДАТА ИНЖИНЕРИНГ“ ДООЕЛ Кавадарци.

2. Страните на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да им исплати на противниците износ од 1.107,00 ден./м2 односно надоместок во вкупен износ од 19.926,00 денари.

3. Противниците се согласни надоместокот во износ од 19.926,00 денари предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба, на трансакциона сметка на противниците сразмерно на нивниот сосопственички дел.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.21/19.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да јапотпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.21/19 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-6732/15**
**12.12.2019 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.12.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) , а во врска со член 53 и 54 од Законот за превоз на патниот сообраќај (“Сл.весникна РМ” бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/11, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16,71/16, 64, 18,140/18, 163/18), член 132 став 1, член 82 став 1 точка 22 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр. 8/05, 14/10, 24/10 и 38/19) , Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за авто-такси превоз на патнници во
Општина Кавадарци

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува авто-такси превозот на патници во Општина Кавадарци во делот на;

- локацијата и капацитетите на такси станиците, отварање на нови и укинувањена постојните;
- обележувањето, опремувањето и начинот на користење на такси станиците;
- боја на возилата со кои се врши авто-такси превоз на патници;
- утврдување на тарифата за авто-такси превозот ;

- максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто- такси превоз на патници;
- издавањето на лиценци за вршење на авто-такси превоз и
- начин на вршење на автотакси превозот.
-

**Член 2**

Лиценцираниот превозник може да отпочне со вршење на превозот откако ќе ги исполни условите утврдени со закон и со оваа Одлука.

**Член 3**

Регистрираниот превозник може да почне со вршење на превозот со возила откако ке добие:

-лиценца во внатрешен патен сообракај за авто-такси превоз на патиници;

-извод од лиценца за такси возило;

-ознака на возилото за предните бочни врати со бројот од Регистарот на такси превозници.

**II.** ЛОКАЦИЈА И КАПАЦИТЕТ НА ТАКСИ СТАНИЦИТЕ, ОТВАРАЊЕ НА НОВИ И УКИНУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ

**Член 4**

Локацијата и капацитетот на возила на такси станиците се утврдува со сообраќајно техничка документација што се изготвува за секоја такси станица посебно, согласно со позитивните прописи, стандарди и нормативи од обласа на сообракајот.

**Член 5**

Во Општина Кавадарци се утврдуваат следните локации и капацитет на такси станиците за такси возила со кои се врши превоз на патници:

| Ред.број | Име на такси станица | Локација на такси станицата | Капацитет на такси станицата |
|---|---|---|---|
| 1 | 12 Другари | Ул.Страшо Пинџур-Ваташа | 5 |
| 2 | Зграда – Кавадарка-Бела Ема | Ул.Страшо Пинџур - Ваташа | 5 |
| 3 | ДТВ Паризан | Ул.Методија Џунов Џикот | 5 |
| 4 | Градска болница | Ул.Шишка во кругот на болницата | 15 |
| 5 | Здружение на возачите | Ул.Шишка н.Глишиќ | 5 |
| 6 | Македонска банка | Ул.Илинденска | 5 |
| 7 | Спроти Македонска банка | Ул.Илинденска | 6 |
| 8 | Спортска сала Јасмин | Ул.8ми Септември | 6 |
| 9 | Градски гробишта | Ул.Бел Камен | 5 |
| 10 | Градски базен | Ул.Вишешница | 3 |
| 11 | Стара болница | Ул.Браќа Миладинови | 13 |
| 12 | Плоштад Маршал Тито | Паркинг простор | 11 |
| 13 | Портокал | Ул.Браќа Џунови | 7 |
| 14 | Оу Страшо Пинџур | Ул.Димката Габерот | 9 |

**Член** 6

За отварање на нова, измена на капацитетот и укинување на постојната авто-такси станица одлучува Советот на Општина Кавадарди по предлог на Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина (во понатамошниот текст надлежниот општински орган).

Иницијатива за отварање на нова и измена на капацитетот и укинување на постојната авто-такси станица може да даде Здружението за авто-такси превоз, надлежниот општински орган или урбана заедница.

Постојната авто-такси станица може да се укине заради:

- реализација на урбанистички план;
- барање од надлежен орган на управа;
- и несоодветно користење и одржување.

**III.** ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ СТАНИЦИТЕ

**Член 7**

Такси станиците се обележуваат со сообраќаен знак и ознаки на коловозот (хоризонтална и вертикална сигнализација).

Обележувањето на авто-такси станиците се врши врз основа на сообраќајно-техничка документација, изготвена согласно со позитивните прописи, нормативи и стандарди.

Обележувањето на авто-такси станиците се врши по потреба, но најмалку еднаш годишно.

**Член 8**

На авто-такси станицата се поставуваат корпи за отпадоци, а може да се поставува и друга урбана опрема(настрешници, клупи за седење, телефонски говорници и слично).

Потребниот број на корпи за отпадоци се утврдува за -капацитет од 3 такси возила при надолжно паркирање;
-капацитет од 5 такси возила при нормално косо паркирање.

За чистотата и уредноста на такси станицата се грижат авто-такси превозниците.

**Член** 9

Изработка на сообракајно-техничка документација, опремување и обележување на нова такси станица и одржување на постојните такси станици, врши Општина Кавадарци.

Трошоците од ставот 1 на овој член се на товар на авто-такси превозниците согласно член 11 на оваа Одлука.

**Член 10**

На такси станиците возилата се паркираат по редот на доагање.

На една авто-такси станица можат да бидат паркирани онолку такси возила колку што е капацитетот на станицата.

За време додека е паркирано возилото на такси станицата, возачот е должен да се наога во или непосредно покрај возилото.

Такси станиците можат да ги користат само авто-такси превозниците кои имаат лиценца од општината на чие подрачје имаат седиште.

**Член 11**

За користење на паркинг простор на авто такси станиците авто- такси превозниците плаќаат надоместок во износ од 3.750,00 денари по /возило/ годишно.

Општина Кавадарци и авто такси превозникот со добивање на лиценцата за вршење на авто такси превоз склучуваат Договор за начинот на наплата на надоместокотод став 1 од овој член, за период од 5 години, за што задолжително

доставуваат средства за обезбедување на плаќањето (банкарска гаранција,готовински депозит или друг инструмент на обезбедување).
Договорот од став 2 се заверува кај нотар и претставува извршна исправа, во случај обврзникот да не ги исполни договорните обврски за наплата на пристигнатиот долг во пропишаниот рок,истиот ќе се изврши по присилен пат (присилна наплата).

## IV. БОЈА НА ВОЗИЛАТА

### Член 12

Авто такси превозникот е должен :
-да изврши промена на бојата на хаубата, покривот од возилото и задната врата на авто-такси возилото во бела боја,

-на хаубата од возилото да постави налепница со лого на Општина Кавадарци со димензии на А3 формат , а на задната врата од такси возилото да постави налепница со лого на Општина Кавадарци со димензии на А4 формат.

-по средината на кровната површина од возилото да се постават 3(три) траки со ширина од 5 см во црна, жолта и црвена боја по целата должина.

-од двете бочни страни на возилото да постави налепница со називот такси со бројот од регистарот на такси превозниците издаден од Општина Кавадарци.

### Член 13

**На предните бочни врати на возилото се истакнува ознака (налепница)”ТАХИ”200x200 мм изработена од ретрорефлектирачка фолија на бела основа и натпис кој содржи: зборот “ТАХИ”, грбот на Општина Кавадарци и бројот на регистерот на такси превозникот.**

Натписот “ТАХИ” се истакнува на покривот на возилото на пластична табла со жолта основа со црн раб и црни букви. Натписот е еднообразен, осветленод внатрешната страна, читлив од предната и задната страна и синхронизиран со таксиметарот,

Таблата од став 3 на овој член е во форма на пресечена пирамида со правоаголна основа со димензии на страните на основата 350џ160 мм, на горната површина 250џ80 мм со заоблени рабови, висина 120 мм и дебелина на работ на таблата 15 мм. Големината на буквите е 40џ70 мм со дебелина на буквите 10 мм.

Рекламните натписи и уреди на возилата можат да се поставуваат само во согласност со важечките прописи кои се однесуваат на начинот на кој се поставуваат реклами.

## V. ТАРИФА

### Член 14

Тарифата за авто-такси превозот надлежниот општински орган ја усогласува со такси превозниците, а ја утврдува Советот на Општина Кавадарци.

Цената на превозот се наплатува врз основа на износот утврден со таксиметарот според утврдената тарифа.

Се утврдува следната тарифа за пресметување на цената на превозот:

1.Почеток на превозот и превоз до 1 километар 60 денари.

2.Изминат километар -25 денари.

3.Превоз во период од 22.00 до 06.00 часот – Почеток на превозот и превоз до 1 километар 70 денари и секој нареден километар по 25 денари.

Превозникот е должен во возилотона видно место да ја истакне тарифата.

## VI. МАКСИМАЛЕН БРОЈ ХА ТАКСИ ВОЗИЛА

### Член 15

Максималниот број на возила се утврдува според согледувања за потребите на граѓаните, цената на превозот, состојбата со сообракајот. постоечката инфраструктура и капацитет на такси станиците.

Максималниот број на такси возила се утврдува и се евидентира во централната база на податоци за превозниците воОпштина Кавадарци.

### Член 16

Максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци се утврдува на вкупно 100 возила.

Доколку е исполнет бројот на издадени изводи од лиденца за 100 возила, а има интерес од превозниците за лиценца за вршење на авто такси превоз на патници, се оформува листа на чекање на лиценца.

Одземените, откажаните и непродолжените за лиценци за вршење на авто такси превоз на патници, ќе се доделуваатна превозниците кои се пријавени на листата, согласно редот на чекање.

По испразнување на место за извод од лиценца за авто такси превоз на патници, Општина Кавадарци го известува превозникот кој е прв на списокот на листата на чекање, за слободно место за извод од лиценца и лиценца.

Истиот ке биде биде должен во рок од 8 дена од приемот на известување да поднесе барање со комплетна документација потребна за лиценца и извод од лиценца за вршење на авто такси превоз на патници, доОпштина Кавадарци.

Доколку превозникот по приемот на известувањето од Општина Кавадарци не ја поднесе потребната документација во рок од 8 дена се смета дека се откажал од листата на чекање и се повикува следниот превозник од истата.

### Член 17

Трошоците за постапката за издавање на лиценцата и изводите од лиценцата ги сноси превозникот врз основа на Законите кои ја регулираат ова материја.

## VII. ЛИЦЕНЦА И ИЗВОД ОД ЛИЦЕНЦА

**Член 18**

За вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Кавадарци Градоначалникот издава лиценца и извод од лиценца за секое возило одделно иистата може да ја одземе под услови пропишани со Законот за превоз на патниот сообраќај и Правилник донесен од Министерот за транспорти врски.

На превозникот кој ги исполнува условите пропишани за добивање на лиценца му се издава лиценца со рок на важност пропишан во Законот за превоз во патниот сообракај.Со лиценцата на превозникот му се издава и извод од лиценцата за секое возило кој го пријавил со истиот рок на важење како и лиценцата и не може да се пренесе на друг превозник.

Изводот од лиценцата за возилото со кое се врши превозот да биде во возилото.

Условите, начинот и постапката за издавање на лиценцата се утврдува со Правилник кој го донесува Советот на Општина Кавадарци.

**Член 19**

Лиценцата се издава на барање на превозникот. Кон барањето за издавање на лиценца и извод од лиценца за пријавените возила превозникот треба да ја приложи потребната документација согласно Законот за превоз во патниот сообракај и Правилниците донесени од Министерот за транспорт и врски и доказ за исполнување на условите предвидени во оваа Одлука. За барањето превозникот уплатува износ предвиден со Законот за административни такси. По утврдување на комплетноста на документацијата се известува превозникот кој е должен да ги уплати сите обврски согласно Законот за административни такси и надомест за користење на такси станиците согласно оваа Одлука.

**Член 20**

Ако се исполнети сите услови од член 19 на оваа Одлука Градоначалникот ке ја издаде лиценцата и изводите од лиценца, во спротивно се известува превозникот за некомплетна документација и му се дава рок за дополнување на документацијата. Ако и по дадениот рок превозникот не ја дополни потребната документација, Градоначалникот ке донесе заклучок со кој ке се констатира дека барањето не е поднесено.

## VIII. НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗОТ

**Член 21**

Давањето на услуги во авто-такси превозот започнува :

- од такси станицата;
- со повик преку средствата за комуникација;

- со запирање од граѓанина авто-такси возило во движење, доколку возилото е слободно без патници, без попречување на безбедното одвивање на сообракајот.
-

**Член 22**

На такси станицата патниците ги прима возачот со првото возило според редот на чекање(стоење) на неговото авто такси возило.

По исклучок, патникот по сопствен избор ако има посебни барања во поглед на видот, изгледот, сигурноста, комфорот на возилото и изгледот и уредноста на возачот, може да побара услуга од друг авто-такси превозник кој не е прв во редот на чекање на станицата.

Ако авто-такси возач кој е прв во редот на чекање на патници одбие да прими патник на станицата, мора да го напушти првото место на станицата и да го заземе последното место на чекање.

**Член 23**

Ако патникот ја нарача услугата со повик преку средства за комуникација, превозот започнува на местото кој тој ке го одреди.

**Член 24**

За примање на други патници во тек на превозот, одлучува патникот кој го започнал користењето на превозог.

**Член 25**

Кога се чека патникот или кога сака да го напушти возилото, авто- такси возачот е должен да го запре возилото на место на кое е тоа дозволено со прописите за безбедност во сообракајот и кое е безбедно за патникот и другите учесници во сообракајот.

**Член 26**

Одредиштето на возењето го определува патникот.

Авто-такси превозникот е должен да го изврши превозот по најкусиот пат до местото на определување на патникот или по патот што ке го одреди патникот.

Доколку патникот побара превозот да се обави на земјен пат или пат кој го загрозува безбедноста на патниците и возилото превозникот можс да го откаже превозот.

Член 27

Авто-такси превозникот е должен нарачаниот превоз да го доврши со доаѓање на определено одредиште.

Во случај на неможност да го заврши започнатиот превоз на патници по вина па авто-такси превозникот, на авто-превозникот му припаѓа само половина од износот што во моментот на прекинувањето на превозот го покажува таксиметарот.

**Член 28**

Во случај на став 2 од член 27 , авто-такси превозникот е должен да обезбеди друго авто-такси возило заради продолжување на превозот на патникот до местото на неговото определување.

**Член 29**

Авто-такси превозникот е должен на почетокот на превозот да го вклучи таксиметарот.

Кога превозот е нарачен со повик преку средствата за комуникација, таксиметарот се вклучува при поагање на авто-такси возилото од местото одредено од патникот.

**Член 30**

Авто-такси превозникот е должен да му издаде на патникот фискална сметка за извршениот превоз.

Во возилото задолжително на видно место над таксиметарот треба да биде истакнат ценовник со утврдените тарифи за чинење на превозот согласно оваа Одлука.

**Член 31**

За време на вршење на превозот, авто такси возачот мора да биде уреден (чист, потстрижен, избричен или со негувана брада и мустаки, со чиста облека), да се однесува културно и достоинствено кон патниците и не смее да пуши цигари во возилото.

Превозот во летниот период, авто-такси возачот не може да го врши облечен во куси панталони, шорц, мајца без ракави, односно без кошула или маица, без чевли, патики или сандали на нозете.

**Член 32**

Авто-такси возачот е должен да даде авто-такси услуга на секој кој тоа ке побара, без оглед на далечината на одредиштето на патникот.

Авто-такси возачот има право да го одбие вршењето на превозот во случаите кога ке се побара таков превоз за :

1. деца до 6 годишна возраст, без придружба или овластување на еден од родителите на детето;
2. лица под дејство на алкохол и наркотични средства;
3. експлозивни, леено запаливи, отровни, радиоактивни, заразни, нагризувачки и други опасни материи коч поради своите особини можат да бидат опасни по безбедноста и здравјето на лугето или можат да нанесат друга штета.

**Член 33**

По завршувањето на возењето авто-такси возачот е должен да го прегледа возилото, а најдените предмети да ги пријави во диспечерскиот центар на авто-такси превозникот или во најблиската полициска станида.

Ако сопственикот на предметите најдени во возилото не се јави во рок од 8 дена, со нив се постапува според прописите за најдените ствари.

## IX. НАДЗОР

**Член 34**

Надзор над примената на одредбите на оваа Одлука врши надлежниот општински орган, а инспекциски надзор врши овластен инспектор за патниот сообраќај.

**Член 35**

Санкционираните лица кои нелегално се учесници во превозот се внесуваат во посебна база на податоци.

Санкционираните носители на важечки лиценци се внесуваат за секоја санкција во централната база на податоцн за важечки лиценци на секој превозник.

## X. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 36**

За непочитување на оваа Одлука се преминуваат казнените одредби пропишани со Законот за превоз во патниот ссобраќај (“Сл.весникна РМ” бр.68/04,127/06,114/09,83/10,140/10,17/11,53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13 и 42/14,112/11,166/14,44/15,97/15 ,124/15,129/15,193/15,37/16,71/16,64/18,140/18,163/18).

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 37**

Обележување и опремување на авто-такси станиците ќе се врши во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на оваа Одлука.

**Член 38**

Лиценците што се издадени пред влегувањето во сила на новиот Закон, а издадени врз основа на претходно довесената Одлука за авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци, продолжуваат да важат до истекот на рокот за кои се издадени.

**Член 39**

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Кавадарци бр.07-413/4 од 08.02.2010година (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.12/10) ,Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци бр.07-4496/18 од 27.10.2010год.(“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр. 24/10) Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци бр.07-5805/35 од 22.12.2014год. (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр. 26/14) и Одлуката за изменување и дополнување на

Одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци бр.07-5282/29од 27.09.2018год. ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр. 21/18).

**Член 40**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци" .

| | |
|---|---|
| **Бр.08-6732/16** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **12.12.2019 година** | **Претседател,** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) , а во врска со член 53 и 54 од Законот за превоз на патниот сообраќај ("Сл.весникна РМ" бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/11, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16,71/16, 64, 18,140/18, 163/18), член 132 став 1, член 82 став 1 точка 22 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр. 8/05, 14/10, 24/10 и 38/19) , Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за авто-такси превоз на патнници во**
**Општина Кавадарци**

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува авто-такси превозот на патници во Општина Кавадарци во делот на;

- локацијата и капацитетите на такси станиците, отварање на нови и укинувањена постојните;
- обележувањето, опремувањето и начинот на користење на такси станиците;
- боја на возилата со кои се врши авто-такси превоз на патници;
- утврдување на тарифата за авто-такси превозот ;
- максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто- такси превоз на патници;
- издавањето на лиценци за вршење на авто-такси превоз и
- начин на вршење на автотакси превозот.
-

**Член 2**

Лиценцираниот превозник може да отпочне со вршење на превозот откако ќе ги исполни условите утврдени со закон и со оваа Одлука.

**Член 3**

Регистрираниот превозник може да почне со вршење на превозот со возила откако ке добие:

-лиценца во внатрешен патен сообракај за авто-такси превоз на патиници;

-извод од лиценца за такси возило;

-ознака на возилото за предните бочни врати со бројот од Регистарот на такси превозници.

## II. ЛОКАЦИЈА И КАПАЦИТЕТ НА ТАКСИ СТАНИЦИТЕ, ОТВАРАЊЕ НА НОВИ И УКИНУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ

**Член 4**

Локацијата и капацитетот на возила на такси станиците се утврдува со сообракајно техничка документација што се изготвува за секоја такси станица посебно, согласно со позитивните прописи, стандарди и нормативи од областа на сообракајот.

**Член 5**

Во Општина Кавадарци се утврдуваат следните локации и капацитет на такси станиците за такси возила со кои се врши превоз на патници:

| Ред.број | Име на такси станица | Локација на такси станицата | Капацитет на такси станицата |
|---|---|---|---|
| 1 | 12 Другари | Ул.Страшо Пинџур-Ваташа | 5 |
| 2 | Зграда – Кавадарка-Бела Ема | Ул.Страшо Пинџур - Ваташа | 5 |
| 3 | ДТВ Паризан | Ул.Методија Џунов Џикот | 5 |
| 4 | Градска болница | Ул.Шишка во кругот на болницата | 15 |
| 5 | Здружение на возачите | Ул.Шишка н.Глишиќ | 5 |
| 6 | Македонска банка | Ул.Илинденска | 5 |
| 7 | Спроти Македонска банка | Ул.Илинденска | 6 |
| 8 | Спортска сала Јасмин | Ул.8ми Септември | 6 |
| 9 | Градски гробишта | Ул.Бел Камен | 5 |
| 10 | Градски базен | Ул.Вишешница | 3 |
| 11 | Стара болница | Ул.Браќа Миладинови | 13 |
| 12 | Плоштад Маршал Тито | Паркинг простор | 11 |
| 13 | Портокал | Ул.Браќа Џунови | 7 |
| 14 | Оу Страшо Пинџур | Ул.Димката Габерот | 9 |

**Член** 6

За отварање на нова, измена на капацитетот и укинување на постојната авто-такси станица одлучува Советот на Општина Кавадарди по предлог на Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина (во понатамошниот текст надлежниот општински орган).

Иницијатива за отварање на нова и измена на капацитетот и укинување на постојната авто-такси станица може да даде Здружението за авто-такси превоз, надлежниот општински орган или урбана заедница.

Постојната авто-такси станица може да се укине заради:

- реализација на урбанистички план;
- барање од надлежен орган на управа;
- и несоодветно користење и одржување.

a.

## III. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ СТАНИЦИТЕ

**Член 7**

Такси станиците се обележуваат со сообраќаен знак и ознаки на коловозот (хоризонтална и вертикална сигнализација).

Обележувањето на авто-такси станиците се врши врз основа на сообраќајно-техничка документација, изготвена согласно со позитивните прописи, нормативи и стандарди.

Обележувањето на авто-такси станиците се врши по потреба, но најмалку еднаш годишно.

**Член 8**

На авто-такси станицата се поставуваат корпи за отпадоци, а може да се поставува и друга урбана опрема(настрешници, клупи за седење, телефонски говорници и слично).

Потребниот број на корпи за отпадоци се утврдува за -
капацитет од 3 такси возила при надолжно паркирање;
-капацитет од 5 такси возила при нормално косо паркирање.

За чистотата и уредноста на такси станицата се грижат авто-такси превозниците.

**Член 9**

Изработка на сообракајно-техничка документација, опремување и обележување на нова такси станица и одржување на постојните такси станици, врши Општина Кавадарци.

Трошоците од ставот 1 на овој член се на товар на авто-такси превозниците согласно член 11 на оваа Одлука.

**Член 10**

На такси станиците возилата се паркираат по редот на доагање.

На една авто-такси станица можат да бидат паркирани онолку такси возила колку што е капацитетот на станицата.

За време додека е паркирано возилото на такси станицата, возачот е должен да се наога во или непосредно покрај возилото.

Такси станиците можат да ги користат само авто-такси превозниците кои имаат лиценца од општината на чие подрачје имаат седиште.

**Член 11**

За користење на паркинг простор на авто такси станиците авто- такси превозниците плаќаат надоместок во износ од 3.750,00 денари по /возило/ годишно.

Општина Кавадарци и авто такси превозникот со добивање на лиценцата за вршење на авто такси превоз склучуваат Договор за начинот на наплата на надоместокотод став 1 од овој член, за период од 5 години, за што задолжително

доставуваат средства за обезбедување на плаќањето (банкарска гаранција,готовински депозит или друг инструмент на обезбедување). Договорот од став 2 се заверува кај нотар и претставува извршна исправа, во случај обврзникот да не ги исполни договорните обврски за наплата на пристигнатиот долг во пропишаниот рок,истиот ќе се изврши по присилен пат (присилна наплата).

## IV. БОЈА НА ВОЗИЛАТА

### Член 12

Авто такси превозникот е должен :
-да изврши промена на бојата на хаубата, покривот од возилото и задната врата на авто-такси возилото во бела боја,
-на хаубата од возилото да постави налепница со лого на Општина Кавадарци со димензии на А3 формат , а на задната врата од такси возилото да постави налепница со лого на Општина Кавадарци со димензии на А4 формат.
-по средината на кровната површина од возилото да се поставаат 3(три) траки со ширина од 5 см во црна, жолта и црвена боја по целата должина.
-од двете бочни страни на возилото да постави налепница со називот такси со бројот од регистарот на такси превозниците издаден од Општина Кавадарци.

### Член 13

На предните бочни врати на возилото се истакнува ознака (налепница)"ТАХИ"200х200 мм изработена од ретрорефлектирачка фолија на бела основа и натпис кој содржи: зборот "ТАХИ", грбот на Општина Кавадарци и бројот на регистерот на такси превозникот.

Натписот "ТАХИ" се истакнува на покривот на возилото на пластична табла со жолта основа со црн раб и црни букви. Натписот е еднообразен, осветлен од внатрешната страна, читлив од предната и задната страна и синхронизиран со таксиметарот,

Таблата од став 3 на овој член е во форма на пресечена пирамида со правоаголна основа со димензии на страните на основата 350џ160 мм, на горната површина 250џ80 мм со заоблени рабови, висина 120 мм и дебелина на работ на таблата 15 мм. Големината на буквите е 40џ70 мм со дебелина на буквите 10 мм.

Рекламните натписи и уреди на возилата можат да се поставуваат само во согласност со важечките прописи кои се однесуваат на начинот на кој се поставуваат реклами.

## V. ТАРИФА

### Член 14

Тарифата за авто-такси превозот надлежниот општински орган ја усогласува со такси превозниците, а ја утврдува Советот на Општина Кавадарци.

Цената на превозот се наплатува врз основа на износот утврден со таксиметарот според утврдената тарифа.

Се утврдува следната тарифа за пресметување на цената на превозот:

1.Почеток на превозот и превоз до 1 километар 60 денари.

2.Изминат километар -25 денари.

3.Превоз во период од 22.00 до 06.00 часот – Почеток на превозот и превоз до 1 километар 70 денари и секој нареден километар по 25 денари.

Превозникот е должен во возилотона видно место да ја истакне тарифата.

## VI. МАКСИМАЛЕН БРОЈ ХА ТАКСИ ВОЗИЛА

**Член 15**

Максималниот број на возила се утврдува според согледувања за потребите на граѓаните, цената на превозот, состојбата со сообракајот. постоечката инфраструктура и капацитет на такси станиците.

Максималниот број на такси возила се утврдува и се евидентира во централната база на податоци за превозниците воОпштина Кавадарци.

**Член 16**

Максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци се утврдува на вкупно 100 возила.

Доколку е исполнет бројот на издадени изводи од лиденца за 100 возила, а има интерес од превозниците за лиценца за вршење на авто такси превоз на патници, се оформува листа на чекање на лиценца.

Одземените, откажаните и непродолжените за лиценци за вршење на авто такси превоз на патници, ќе се доделуваатна превозниците кои се пријавени на листата, согласно редот на чекање.

По испразнување на место за извод од лиценца за авто такси превоз на патници, Општина Кавадарци го известува превозникот кој е прв на списокот на листата на чекање, за слободно место за извод од лиценца и лиценца.

Истиот ке биде биде должен во рок од 8 дена од приемот на известување да поднесе барање со комплетна документација потребна за лиценца и извод од лиценца за вршење на авто такси превоз на патници, доОпштина Кавадарци.

Доколку превозникот по приемот на известувањето од Општина Кавадарци не ја поднесе потребната документација во рок од 8 дена се смета дека се откажал од листата на чекање и се повикува следниот превозник од истата.

**Член 17**

Трошоците за постапката за издавање на лиценцата и изводите од лиценцата ги сноси превозникот врз основа на Законите кои ја регулираат ова материја.

## VII. ЛИЦЕНЦА И ИЗВОД ОД ЛИЦЕНЦА

**Член 18**

За вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Кавадарци Градоначалникот издава лиценца и извод од лиценца за секое возило одделно иистата може да ја одземе под услови пропишани со Законот за превоз на патниот сообраќај и Правилник донесен од Министерот за транспорти врски.

На превозникот кој ги исполнува условите пропишани за добивање на лиценца му се издава лиценца со рок на важност пропишан во Законот за превоз во патниот сообракај.Со лиценцата на превозникот му се издава и извод од лиценцата за секое возило кој го пријавил со истиот рок на важење како и лиценцата и не може да се пренесе на друг превозник.

Изводот од лиценцата за возилото со кое се врши превозот да биде во возилото.

Условите, начинот и постапката за издавање на лиценцата се утврдува со Правилник кој го донесува Советот на Општина Кавадарци.

**Член 19**

Лиценцата се издава на барање на превозникот. Кон барањето за издавање на лиценца и извод од лиценца за пријавените возила превозникот треба да ја приложи потребната документација согласно Законот за превоз во патниот сообракај и Правилниците донесени од Министерот за транспорт и врски и доказ за исполнување на условите предвидени во оваа Одлука. За барањето превозникот уплатува износ предвиден со Законот за административни такси. По утврдување на комплетноста на документацијата се известува превозникот кој е должен да ги уплати сите обврски согласно Законот за административни такси и надомест за користење на такси станиците согласно оваа Одлука.

**Член 20**

Ако се исполнети сите услови од член 19 на оваа Одлука Градоначалникот ке ја издаде лиценцата и изводите од лиценца, во спротивно се известува превозникот за некомплетна документација и му се дава рок за дополнување на документацијата. Ако и по дадениот рок превозникот не ја дополни потребната документација, Градоначалникот ке донесе заклучок со кој ке се констатира дека барањето не е поднесено.

## VIII. НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗОТ

**Член 21**

Давањето на услуги во авто-такси превозот започнува :

- од такси станицата;
- со повик преку средствата за комуникација;
- со запирање од граѓанина авто-такси возило во движење, доколку

возилото е слободно без патници, без попречување на безбедното одвивање на сообраќајот.

-

**Член 22**

На такси станицата патниците ги прима возачот со првото возило според редот на чекање(стоење) на неговото авто такси возило.

По исклучок, патникот по сопствен избор ако има посебни барања во поглед на видот, изгледот, сигурноста, комфорот на возилото и изгледот и уредноста на возачот, може да побара услуга од друг авто-такси превозник кој не е прв во редот на чекање на станицата.

Ако авто-такси возач кој е прв во редот на чекање на патници одбие да прими патник на станицата, мора да го напушти првото место на станицата и да го заземе последното место на чекање.

**Член 23**

Ако патникот ја нарача услугата со повик преку средства за комуникација, превозот започнува на местото кој тој ке го одреди.

**Член 24**

За примање на други патници во тек на превозот, одлучува патникот кој го започнал користењето на превозог.

**Член 25**

Кога се чека патникот или кога сака да го напушти возилото, авто- такси возачот е должен да го запре возилото на место на кое е тоа дозволено со прописите за безбедност во сообраќајот и кое е безбедно за патникот и другите учесници во сообраќајот.

**Член 26**

Одредиштето на возењето го определува патникот.

Авто-такси превозникот е должен да го изврши превозот по најкусиот пат до местото на определување на патникот или по патот што ке го одреди патникот.

Доколку патникот побара превозот да се обави на земјен пат или пат кој го загрозува безбедноста на патниците и возилото превозникот можс да го откаже превозот.

**Член 27**

Авто-такси превозникот е должен нарачаниот превоз да го доврши со доаѓање на определено одредиште.

Во случај на неможност да го заврши започнатиот превоз на патници по вина па авто-такси превозникот, на авто-превозникот му припаѓа само половина од износот што во моментот на прекинувањето на превозот го покажува таксиметарот.

**Член 28**

Во случај на став 2 од член 27 , авто-такси превозникот е должен да обезбеди друго авто-такси возило заради продолжување на превозот на патникот до местото на неговото определување.

**Член 29**

Авто-такси превозникот е должен на почетокот на превозот да го вклучи таксиметарот.

Кога превозот е нарачен со повик преку средствата за комуникација, таксиметарот се вклучува при поагање на авто-такси возилото од местото одредено од патникот.

**Член 30**

Авто-такси превозникот е должен да му издаде на патникот фискална сметка за извршениот превоз.

Во возилото задолжително на видно место над таксиметарот треба да биде истакнат ценовник со утврдените тарифи за чинење на превозот согласно оваа Одлука.

**Член 31**

За време на вршење на превозот, авто такси возачот мора да биде уреден (чист, потстрижен, избричен или со негувана брада и мустаки, со чиста облека), да се однесува културно и достоинствено кон патниците и не смее да пуши цигари во возилото.

Превозот во летниот период, авто-такси возачот не може да го врши облечен во куси панталони, шорц, мајца без ракави, односно без кошула или маица, без чевли, патики или сандали на нозете.

**Член 32**

Авто-такси возачот е должен да даде авто-такси услуга на секој кој тоа ке побара, без оглед на далечината на одредиштето на патникот.

Авто-такси возачот има право да го одбие вршењето на превозот во случаите кога ке се побара таков превоз за :

1. деца до 6 годишна возраст, без придружба или овластување на еден од родителите на детето;
2. лица под дејство на алкохол и наркотични средства;
4. експлозивни, леено запаливи, отровни, радиоактивни, заразни, нагризувачки и други опасни материи коч поради своите особини можат да бидат опасни по безбедноста и здравјето на лугето или можат да нанесат друга штета.

**Член 33**

По завршувањето на возењето авто-такси возачот е должен да го прегледа возилото, а најдените предмети да ги пријави во диспечерскиот центар на авто-такси превозникот или во најблиската полициска станида.

Ако сопственикот на предметите најдени во возилото не се јави во рок од 8 дена, со нив се постапува според прописите за најдените ствари.

## IV. НАДЗОР

### Член 34

Надзор над примената на одредбите на оваа Одлука врши надлежниот општински орган, а инспекциски надзор врши овластен инспектор за патниот сообраќај.

### Член 35

Санкционираните лица кои нелегално се учесници во превозот се внесуваат во посебна база на податоци.

Санкционираните носители на важечки лиценци се внесуваат за секоја санкција во централната база на податоцн за важечки лиценци на секој превозник.

## X. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### Член 36

За непочитување на оваа Одлука се преминуваат казнените одредби пропишани со Законот за превоз во патниот ссообраќај ("Сл.весникна РМ" бр.68/04,127/06,114/09,83/10,140/10,17/11,53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13 и 42/14,112/11,166/14,44/15,97/15 ,124/15,129/15,193/15,37/16,71/16,64/18,140/18,163/18).

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 37

Обележување и опремување на авто-такси станиците ќе се врши во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на оваа Одлука.

### Член 38

Лиценците што се издадени пред влегувањето во сила на новиот Закон, а издадени врз основа на претходно довесената Одлука за авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци, продолжуваат да важат до истекот на рокот за кои се издадени.

### Член 39

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Кавадарци бр.07-413/4 од 08.02.2010година ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.12/10) ,Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци бр.07-4496/18 од 27.10.2010год.("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр. 24/10) Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци бр.07-5805/35 од 22.12.2014год. ("Сл.гласник на

Општина Кавадарци"бр. 26/14) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци бр.07-5282/29од 27.09.2018год. ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр. 21/18).

**Член 40**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци" .

**Бр.08-6732/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.12.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за откажување на корисничко право на недвижен имот за КО Кавадарци 2**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за откажување на корисничко право на недвижен имот за КО Кавадарци 2, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/17** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.12.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 79 став 2 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ( „Сл. Весник на РМ„ бр. 4/05, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл.Весник на РМ„ бр. 5/02), член 132 став 1, член 82 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Кавадарци ( „Сл. Гласник на Општина Кавадарци„ бр. 08/05, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за откажување од корисничко право на недвижен имот за КО Кавадарци 2**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци, се откажува од корисничкото право од недвижен имот, прибележано на дел од КП 12481/22 КО Кавадарци, новоформирана КП 12481/25 КО Кавадарци, со површина од 6 м2, евидентирана во Имотен лист бр. 16352, издаден од Агенција за катастар на недвижности под бр.1105-13431/2019 од 25.10.2019 година, согласно Геодетски елаборат за нумерички податоци бр.0801/136/2019 од 25.10.2019 година на ДГРИ„Геодата Инженеринг"ДООЕЛ – Кавадарци.

**Член 2**

Откажувањето на корисничкото право претставува основ за бришење на корисничкото право од имотен лист ослободување од товар со цел непречено оформување на градежна парцела 4К.16 согласно ДУП за дел од УБ 4 К, населба Парк, донесен со Одлука на Совет на Општина Кавадарци 07-3002/7 од 28.06.2013 година.

**Член 3**

СЕ ЗАДОЛЖУВА, лицето кое има правен интерес за престанок на корисничкото право, на сметка на Буџет на Општина Кавадарци, НБРМ, жиро сметка 100000000063095, сметка на буџетски корисник 7320140363 630 19, приходна шифра 725939 00, цел на дознака други неданочни приходи, да уплати на име надоместок во износ од 24 еур по м2 во денарска противвредност, односно севкупно 8.856,оо денари, согласно Извештај од извршена процена на вредност на недвижен имот на градежно земјиште бр.03-49/1 од 29.10.2019 година изработен од ДТЛППУТ„Оптима Логистик"АГ ДООЕЛ- Кавадарци.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-6732/17**
**12.12.2019 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/18** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.12.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13, бр.72/13, бр.44/14, бр.115/14, бр.199/14, бр.124/15, бр.129/15, бр.217/15 и бр.31/16), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.весник на Општина Кавадарци" бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12. 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, со што ке се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. **Барање арх.бр. 15-387** на барателот **Димитар Станоев со стан на ул.„9-та Бригада„ бр.28** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
   **– Викенд куќа- зграда бр. 1, изградена на КП бр.219, КО Бохула.**

2. **Барање арх.бр. 15-683** на барателот **Ѓорѓи Алексовски со стан на ул.„Рајко Жинзифов„ бр.36** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
   **– Станбен објект - зграда бр. 1, изграден на КП бр.857 КО Бошава.**

3. Барање арх.бр. 15-689 на барателот **Маричка Шошева со стан на ул.„Климент Охридски„ бр.5** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **– Станбен објект - зграда бр. 1, изграден на КП бр.1042/1, КО Бошава.**

4. Барање арх.бр. 15-491 на барателот **Димитар Ристов со стан на ул.„Васка Калаџиска„ бр.56** од **Неготино**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **– Станбен објект - зграда бр. 1, изграден на КП бр.42, КО Бошава.**

5. Барање арх.бр. 15-158 на барателот **Сашко Ѓорѓиев со стан на ул.„Методи Џунов Џико„ бр.48** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **– Викенд куќа - зграда бр. 18, изградена на КП бр.452, КО Брушани.**

6. Барање арх.бр. 15-674 на барателот **Милорад Ќириќ со стан на ул.„Иго Тричковиќ„ бр.17** од **Куманово**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **– Викенд куќа - зграда бр. 1, изградена на КП бр.141 и зафаќа дел од КП бр.158/1, КО Клиново.**

7. Барање арх.бр. 15-514 на барателот **Тони Андов со стан во с.Горна Бошава** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **– Викенд куќа и помошен објект- зграда бр. 1, 2 изградени на КП бр.1028, КО Бошава.**

8. Барање арх.бр. 15-533 на барателот **Ристе Темелков со стан на ул.„Партизанска„ бр.22** од **Марена**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **– Викенд куќа и помошен објект - зграда бр. 1, 2 изграден на КП бр.1035, КО Страгово.**

9. Барање арх.бр. 15-442 на барателот **Велика Делова со стан на ул.„Клинска„ бр.6А** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **– Викенд куќа и помошен објект- зграда бр. 1,2, изградени на КП бр.1035, КО Бошава.**

10. Барање арх.бр. 15-506 на барателот **Ило Галабов со стан на ул.„Смаилица„ бр.55** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
   **– Викенд куќа и помошен објект- зграда бр. 1, 3 изградени на КП бр.445/1 и зафаќа дел од КП бр.445/3, КО Крњево.**

11. Барање арх.бр. 15-729 на барателот **Ванчо Костадинов со стан на ул.„Цано Поп Ристов„ бр.61** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
   **– Викенд куќа - зграда бр. 1, изградена на КП бр.9393/1, КО Кавадарци 1 вон.**

12. Барање арх.бр. 15-669 на барателот **Драган Ташев со стан на ул.„Јован Планински„ бр.28** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
   **– Викенд куќа - зграда бр. 1, изградена на КП бр.919, КО Бојанчиште.**

13. Барање арх.бр. 15-671 на барателот **Билјана Танева со стан на ул.„9-та Бригада„ бр.15** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
   **– Помошен објект - зграда бр. 1, изградена на КП бр.655, КО Бојанчиште.**

14. Барање арх.бр. 15-152 на барателот **Ѓорѓе Јованов со стан на ул.„Ѕоле Стојчев„ бр.5/4-1** од **Скопје**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
   **– Станбен и помошен објект - зграда бр. 1, 2, изградени на КП бр.998, КО Бојанчиште.**

15. Барање арх.бр. 15-90 на барателот **Пецо Станоев со стан на ул.„ 9-та Бригада„ бр.59** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
   **– Викенд куќа - зграда бр. 1, изградена на КП бр.6408, КО Кавадарци 1 вон.**

16. Барање арх.бр. 15-510 на барателот **Дејан Филковски со стан на ул.„Личка„ бр.5** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
   **– Викенд куќа - зграда бр. 18, изградена на КП бр.30 и зафаќа дел од КП бр.34, КО Драдња.**

17. Барање арх.бр. 15-719 на барателот **Димитријов Славо со стан на**

**ул.„Калница „бр.1** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
– **Викенд куќа - зграда бр. 14, изградена на КП бр.438/1, КО Брушани.**

18. **Барање арх.бр. 15-947** на барателот **Славко Костадинов со стан на ул„.Модест Мусоргски„ бр.15** од **Скопје**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
– **Викенд куќа - зграда бр. 63, изградена на КП бр.378/1, КО Брушани.**

19. **Барање арх.бр. 15-511** на барателот **Мира Шахпазова Димеска со стан на ул.„Леринска„ бр.33б** од **Скопје**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
– **Станбен објект - зграда бр. 1, изградена на КП бр.3327, КО Ваташа.**

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

| | |
|---|---|
| **Бр.08-6732/18** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **12.12.2019 година** | **Претседател,** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2019 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2019 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/19** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.12.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 32 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/2016, 142/2016, 11/2018), член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 27/16,198/18,143/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2019 година**

Член 1

Се дава согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2019 година, со арх.бр.04-6781/1 од 06.12.2019 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-6732/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.12.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2020 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2020 година,

донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/20** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.12.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 32 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/2016, 142/2016, 11/2018), член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 27/16,198/18,143/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2020 година**

Член 1

Се дава согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2020 година, со арх.бр.04-6782/1 од 06.12.2019 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-6732/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.12.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Стратегијата за имплементација на мегуетничка интеграција во основното и средното образование во Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Стратегијата за имплементација на мегуетничка интеграција во основното и средното образование во Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.12.2019 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6922/21**
**13.12.2019 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Р М„ бр.5/2002) , а во врска со член 4 од Законот за основно образование („Сл.Весник на РСМ„ бр.161/19) и член 24-в од Законот за средно образование („Сл.Весник на РСМ„бр. 44/95....64/18), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, 14/10, 24/10 и 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.12.2019 година, донесе:

**С Т Р А Т Е Г И Ј А**
**ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА**
**ВО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО**
**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**



## Листа на кратенки

БРО – Биро за развој на образованието
ДПИ – Државен просветен инспекторат
ЕУ – Европска Унија
ИКРУ – Индикатори за квалитетот на работата на училиштето
МИО – Меѓуетничка интеграција во образованието
МОН – Министерство за образование и наука
НВО – Невладина организација
СР – Совет на родители
РМ – Република Северна Македонија
ЦСОО – Центар за стручно образование и обука

УО – Училиштен одбор

## ПРОФИЛ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

1. РЕГИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ

**- Градот во неговото регионално опкружување**

Вкупната површина на општина Кавадарци изнесува 1.132 км2 и има густина на населеност од 39,04 жители/км2 Во состав на општината влегуваат приградските населби Глишиќ и Ваташа и 37 села: Бегниште, Бојанчиште, Бохула, Брушани, Бунарче, Возарци, Галиште,Горниково, Горна Бошава, Грбовец, Дабниште, Добротино, Долна Бошава, Драгожел, Драдња, Дреново, Кесендре, Клиново, Конопиште, Кошани, Крњево,Куманичево, Мајден, Марена, Мрежичко, Праведник, Ржаново, Радња, Раец,Ресава, Рожден, Сопот, Страгово, Фариш, Чемерско, Шешково и Шивец. Патната поврзаност на општина Кавадарци со другите региони и општини е преку автопатот Е-75 (Скопје-Гевгелија) кој е на оддалеченост од 14 км од град Кавадарци, а и преку регионалниот пат Скопје-Велес-Прилеп-Битола оддалечен 11км. Најблиски аеродроми од општината се Меѓународниот аеродром-Скопје оддалечен 90 км од Кавадарци и аеродромот во Солун Р.Грција 150 км. Општина Кавадарци граничи со општините Неготино, Росоман,Прилеп, ДемирКапија, Гевгелија а на југ голем дел од општинската територија има гранична линија со Р.Грција.

Општина Кавадарци е на надморска височина меѓу 230 и 270 метри и е распространета на двата брега на реката Луда Мара. Името на градот Кавадарци за прв пат се споменува во 15 век. Градот Кавадарци се наоѓа во централниот дел на државата, односно во средишниот дел на котлината и областа Тиквеш и претставува нејзино централно место. Оддалечен е 10 км западно од најблискиот град Неготино, 105 км јужно од главниот град Скопје, а западно преку магистрален пат Кавадарци е поврзан со Прилеп (51 км), кој продолжува кон Битола, Ресен и Охрид.

Тиквешката област е изложена на влијанието на медитеранска и континентална клима која ја создава годишната просечна температура на воздухот од 13,5 °C со максимални температури во летниот период од 42 °C и минимални зимски температури до – 20 °C . Од Демиркаписката Клисура навлегува влијанието на медитеранската клима, а од Велешката Клисура се чувствува влијанието на континенталната постудена клима. Просечната годишна количина на врнежи изнесува 458 мм, најврнежлив е месец мај со 52,2 мм, и ноември со 51,1 мм, а најсушен месец е август со 23,9 мм и септември со 26,9 мм.

Населението во општината согласно изјаснувањето на последниот попис од 2002 година е претежно од македонска националност т.е. 37 497 се Македонци или 96,79 %, 216 се Срби или 0,56 %, 685 се Роми или 1,75%, 166 се Турци или 0,43%, и 0,46 % се декларирале под други.

Во рамките на Општина Кавадарци функционира Одделение за општествени дејности кое ги опфаќа областите од образование , спорт, култура, социјална и детска заштита, во чии рамки најголем дел од целокупните активности и приоритети за иден развој е вградено образованието и детската заштита кои по својата специфичност се опфатени и во другите области во надлежност на одделението.

**-Демографија**

Според статистичките податоци од пописот во 2002 година и поновата територијална поделба Општина Кавадарци брои 38.741 жители .Според пописот од 2002 година, во Општина Кавадарци има вкупно 12.026 домаќинства, а вкупниот бројна станови е 16.324.

| | **Македонци** | **Турци** | **Роми** | **Срби** | **Други** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кавадарци** | **96.79%** | **0.43%** | **1.75%** | **0.56%** | **0.46%** |
| **вкупно** | **37499** | **167** | **679** | **218** | **171** |




Структура на населението според националната припадност во Општина Кавадарци е следна:

- 37.499 (96,79%) сеМакедонциод вкупното население,
- 679 (1,75%)Ромисе од вкупното население,
- 218 (0,56%) Срби се од вкупното население,
- 167 (0,43%) Турци се од вкупното население,
- И други 171 (0,46%)од вкупното население .

Општи податоци за основните и средни училишта

Според податоците за запишани ученици во основните и средни училишта во Општина Кавадарци, вкупниот број на ученици во учебната 2019/ 2020 година е 4903 Од вкупниот број 3456 ученици се во основно образование од кои 282 ученика посетуваат основно музичко и балетско училиште, а 1347 во средно образование .

Во трите средни училишта се образуваат вкупно 1347 ученика . Во Гимназија Добри Даскалов се образуваат вкупно 676 ученика од кои 492 ученика во гимназиско образование, економски техничар 101 ученик и правен техничар 83 ученика.

Во средно стручно образование во електромашинското училиште СОУ „ Киро С. Брко“ се образуваат вкупно 456 ученика а во земјоделско шумарско училиште СОЗШУ „ Ѓорче Петров “ се образуваат вкупно 215 ученика.

## 2 ПРАВНА РАМКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Еден од новините во правниот и политичкиот систем во државата е Меѓуетничката Интеграција во Образованието. ( во натамошниот текст МИО ). Новите состојби доведоа до прилагодување на потребите од неколку измени во Законот за основно и средно образование кои повлекуваат поголеми промени и дополнително ангажирање за доследно спроведување на законските обврски како од страна на училиштата така и од страна на локалната самоуправа.
Целта на овие промени во законодавството и изработката на Стратегијата е да се промени начинот на кој беше управувано образованието и учеството на општината следствено потребите согласно децентрализираните надлежности од централно на локалнао ниво, како и да се доближи до потребите и интересите на локалната заедница.

Со децентрализираните надлежности локалната самоуправа станува главен чинител во процесот на одлучување во однос на образованието [1]. Во минатото обврската на училиштата, родителите и локалната заедница за ефикасно функционирање како и изготвување то и спроведувањето на развојните планови на училиштата беше ограничено заради сложените административни процедури и рестриктивните можности за изнаоѓање алтернативни извори на финансирање. Со децентрализацијата на образованието процедурите се поедноставени но и обврските се зголемени.

Мултиетничкиот карактер на земјата е дефиниран во Уставот на РМ, во законите за основно и средно образование, како и во Националната стратегија за развој на образованието и Концепцијата за деветгодишно основно воспитно образование.

Мултикултурализмот и разбирањето на „другите” е еден од четиринаесетте принципи во рамките на Концепцијата за деветгодишно основно образование. Според овој принцип учениците преку наставните содржини, методи и активности треба да стекнуваат знаења и вештини потребни за разбирање и почитување на „другите”, како и за промовирање на вредностите меѓу учениците - почитување на разликите меѓу луѓето, нивната култура, јазик и традиција.

Во членовите 4 и 7 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ 161/2019) меѓудругото стои :

- ***унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурност,мултикултурализам, интеркултурализам и мултикултурност,***
- ***развивање свест кај учениците за припадност***
- ***негување на националниот, граѓанскиот, етничкиот и културен идентитет,***
- ***подготвување на ученикот за одговорен живот во слободно, граѓанско и демократско општество,***

**4.2. Образованието на заедниците согласно Уставот на РСМ**

- Според Уставот секој има право на образование. Образованието е достапно за сите под еднакви услови. Основното и средното образование се задолжителни и бесплатни.

Припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразат, негуваат и да го развиваат својот идентитет и националните карактеристики. Државата ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет. Припадниците на заедниците имаат право на настава на својот јазик во основно и средно образование, на начин утврден со закон. Во училиштата каде што се образуваат ученици од другите етнички заедници покрај македонскиот јазик наставата се изведува на јазиците на другите етнички заедници.

Уставот и законите поврзани со образованието содржат одредби со кои се промовира почитување на различните култури, толеранција и недискриминација.

**4.3. Мултиетничкиот карактер на РМ во Законот за основно и Законот за средно образование**

- Законот за основно образование забранува дискриминација врз основа на пол, раса, боја на кожа, национална, социјална, политичка или религиозна афилијација или

социјален статус во остварување на правото за основно образование. Следното е дел од целите на основното образование: 1) развој на писменост и вештини за разбирање,
информирање и изразување на македонски јазик како и на јазиците на заедниците; 2)
образование за заемна толеранција, соработка, почитување на различностите,
основните човекови права и слободите.
Законот за средно образование, исто така, не дозволува дискриминации засновани на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба. Според овој закон средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон.
Во рамки на основните професионални компетенции и стандарди за наставниците, стручните соработници и директори, една од шесте компетенции е посветена на областа „Социјална и образовна инклузија”, ставајќи акцент на развојот на мултиетничките надлежности.

**Вклучени страни во процесот на образование**
- ***Министерство за образование и наука (МОН)***

Министерството за образование и наука има мисија да го развива образованието и
воспитно-образовниот, да ја развива науката, научните достигнувања и иновации преку примена на принципите на квалитет, економичност, граѓанска одговорност и поврзаност со пазарот на трудот. Со примена на овие принципи ќе се овозможи и рамноправно учество на државата во европските образовни економски и политички интегративни процеси. Министерството за образование и наука има визија да ги промовира вредностите и темелите на квалитетно образование и наука како клуч за подобрување на квалитетот на животот во целокупното општество. Министерството за образование и наука доделува мали грантови за сите училишта во државата кои ќе аплицираат со активности за меѓуетничка интеграција во образованието.
- ***Биро за развој на образованието (БРО)***

БРО е орган на управа во состав на Министерството за образование и наука, одговорно за целокупниот образовен развој, вклучувајќи ги и наставните планови и програми. Сите одлуки се носат на централно ниво, иако

БРО има свои канцеларии и во поголемите градови. Од 2012 год. советниците на БРО се дел од голем број обуки поврзани со меѓуетничка интеграција вообразованието.

- ***Државен просветен инспекторат (ДПИ)***

ДПИ е орган на државната управа во состав на Министерството за образование и наука и врши надзор над исполнетоста на образовните стандарди, обезбедување на квалитет на образованието, ефективност преку евалуација на работата на воспитно-образовните установи, како и примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на образованието и воспитанието. При утврдување на оценката за квалитетот на воспитно-образовниот процес, во текот на интегралната евалуација, се поаѓа од Индикаторите за квалитетот на работата во училиштата што се пропишани и донесени од страна на Министерството за образование и наука.

Индикаторите исто така се користат за вршење на увид на работата на училиштата од аспект на меѓуетничка интеграција во образованието.

- ***Центар за стручно образование и обука (ЦСОО)***

ЦСОО е јавна установа во која треба да се усогласуваат и да се интегрираат јавните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во РМ и е центар кој ја координира соработката со меѓународните институции и организации во областа на стручното образование и обука. Центарот врши стручни работи од областа на следењето, вреднувањето, проучувањето, унапредувањето, истражувањето и развојот на стручното образование и обука, како и други работи во согласност со Законот, актот за основање и статутот.

- ***Државен испитен центар (ДИЦ)***

Надлежностите на ДИЦ се да подготвува национална програма за екстерна евалуација на основното и средното образование согласно европските стандарди; да прибира, обработува и врши анализа на резултатите од тестирањето за проверување на постигањата на учениците во основното и во средното образование; да учествува во

подготовка на концепцијата за матура и завршни испити во средното образование; да изготвува тестови за екстерните испити во државната матура; и да врши обука на кандидатите за директори на основни и средни училишта и да го спроведува испитот.

- ***Училишни одбори***

Училишниот одбор е одлучувачко тело одговорно за управување со училиштето. Составот, надлежностите и задачите на училишниот одбор се определени со Законот за основно и средно образование и статутот на училиштето.

Улогата на училишниот одбор во училиштето е да донесува статут на основното училиште; предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината; донесува програма за развој на училиштето; донесува програма за воведување на повисоки стандарди и други програми; предлага финансиски план и завршна сметка и врши и други работи утврдени со статутот на основното и средното училиште.

- ***Училишно раководство (директор и стручната служба)***

Училишното раководство (директорот и стручната служба) се обучени за примена на МИО во училишните активности преку подготовка на годишните планови за работа кои вклучуваат посебен дел за заеднички ученички активности и партнерство со други училишта. На училишното раководство му е неопходен континуиран професионален развој за поголемо успешно управување со човековите и финансиските ресурси за зајакнување на нивните капацитети за подобро справување со сите обврски на професионален начин.

- ***Наставници***

Наставниците од сите основни и средни училишта се обучени како да планираат и да реализираат активности за МИО во рамките на редовната настава како и во воннаставните активности со фокус на заедничките ученички активности. На наставниците, особено на нововработените и понатаму им е потребна дополнителна поддршка во применувањето на заедничките ученички активности за поттикнување и унапредување на социјализација, пријателство и заемно прифаќање меѓу учениците.

- ***Родители – совет на родители***

Иако родителите можат да учествуваат во секојдневните наставни активности и да бидат партнери на наставникот и училиштето воопшто, нивната вклученост е многу мала. Согласно Законот за основно образование, родителите имаат тројца претставници назначени од советот на родители во училишниот одбор. На тој начин родителите можат да учествуваат во процесот на донесување на одлуки во училиштето за предлагање на годишната програма за работа на училиштето и годишен извештај, изработка на финансиски план, донесување на статутот на училиштето итн. Ова значи дека вклученоста на родителите во наставните и вонnаставните активноста може значајно да придонесе во унапредувањето на меѓуетничката кохезија на учениците од различни заедници/јазици и нивно вклучување во граѓански иницијативи и акции за подобрување на квалитеот на живеење во училиштето, локалната и општествената заедница.

**Визија на општина Кавадарци за МИО**

***Со почитување, прифаќање , разбирање на различноста,***
***до хармонично општество.***

- Визијата на меѓуетничкото интегрирано образование во нашата земја е градење на современ и квалитетен образовен модел, успешен и ефективен воспитно-образовен систем, кој ги промовира и негува меѓуетничките и меѓукултурните вредности, поддржувајќи ја интеракцијата, соработката и довербата помеѓу учениците, наставниците и родителите од различните етнички заедници, и развивајќи позитивна емоционална клима во училиштата која ќе влијае врз надминување на негативните стереотипи и предрасуди и ќе поттикнува вклучување на заедницата базирано на прифаќање на сличностите и почитување на разликите.
- Концептот на меѓуетничко интегрирано образование во Република Македонија е базиран на принципот на интеграција на учениците од различни етнички, јазични и културни групи во современите воспитно-образовни институции, преку воспоставување конструктивна соработка и дијалог меѓу учениците, наставниците, стручните соработници и родителите, како носители на комплексниот воспитно-образовен систем.

- Институциите надлежни за развој и унапредување на образованието даваат поддршка и создаваат клима за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

Во основните и средните училишта во општината се реализираат активности за подготвување на младите за живот во мултиетничка и мултикултурна реалност, односно активности од меѓуетничка интеграција во образованието, согласно планираните активности во годишните програми за работа на училиштата.

Реформите во образованието не опфаќаат само подобрување на академските знаења туку и учење кое што помага учениците да се подготват да живеат во мултикултурно општество и тоа е нагласено како во многу меѓународни документи (УНЕСКО, УНИЦЕФ, Совет на ЕУ), така и во официјалните документи на владата и образовните институции: Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (МОН и БРО, 2007); Индикатори за квалитетот на работата на училиштата (МОН и ДПИ, 2015); Основни професионални компетенции и стандарди за наставници, Основни професионални компетенции и стандарди за стручни соработници и Професионални компетенции за директори на основни и средни училишта.

Основните и средни училишта во Општина Кавадарци се имаат побратимено надвор од општината со по едно училишта од мултиетнички карактер.

Воведувањето на активности за меѓуетнички интегрираното образование е со цел учениците од различните етнички/јазични групи да се научат на интеракција. Преку искуството на организираниот меѓусебен контакт и непосредна интеракција учениците:

- учат да комуницираат и да соработуваат едни со други;
- започнуваат да ги препознаваат и прифаќаат меѓусебните сличности и да ги почитуваат меѓусебните разлики;
- градат меѓусебна доверба
- стекнуваат вештини за заедничко живеење во мултиетничко опкружување.

Меѓуетничкото интегрирано образование се базира на обезбедување, колку што е можно повеќе заеднички активности меѓу учениците од различните етнички/јазични групи.

Општина Кавадарци во соработка со училиштата е посветена да креира своја политика за промовирање на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на младите и да планира активности според карактеристиките на самите

училишта. Во рамките на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието ќе се промовира интеракцијата и социјализацијата меѓу учениците од различни заедници/наставни јазици од партнерски училишта, бидејќи во рамки на нашата
општина имаме еднојазични училишта. Кога учениците учествуваат во заеднички активности, тие имаат можност за непосредна комуникација и меѓусебен контакт, меѓусебно запознавање и формирање интерперсонални релации, учење едни за други едни од други и за намалување на негативните стереотипи и предрасуди за другите. Во активностите за граѓанска вклученост на младите, тие ќе бидат насочувани и подржувани да идентификуваат конкретни проблеми во училиштето и заедницата. Потоа, врз основа на нивните заеднички одлуки, младите ќе преземаат иницијативи за акции со цел да се придонесе кон решавање на постоечките проблеми и едостатоци на ниво на училиште и заедница.

Имајќи ја предвид мултиетничката структура на населението во државата, а воедно и во образовниот систем, општина Кавадарци константно ќе ја унапредува соработката во подрачјето на меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанската вклученост на младите во заедницата.

Учениците во општина Кавадарци иако учат на ист наставен јазик, имајќи го во предвид мултиетничкиот карактер на нашето општество, ќе учествуваат во заеднички наставни активности преку заеднички часови, и/или во истражувачки проекти, заеднички воннаставни и слободни ученички активности, како што се: екскурзии, секции, театарски претстави, креативни работилници, спортски игри, манифестации итн, со ученици од друго мултиетничко училиште. Активностите и резултатите планирани за реализација од страна на основните и средни училишта се дадени во табеларни прегледи прикажани во документов.

- Процесот на подготовка на Стратегијата е воден од Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО).
- Стратегијата ја изготви работен тим - Комисија формирана од Градоначалникот на
општина Кавадарци во состав:

1. *Зорка В'чкова – Раководител на одделение за општествени дејности - Претседател*
2. *Боро Ѓорѓиев - Советник за образование..............................................................- Член*
3. *Елена Јованова - Соработник за спорт ......................................................................– Член*

Работен тим составен од претставници / координатори за МИО на основно и средно образование:

1. *Марија Петрова – наставник од ООУ Димката А. Габерот с. Ваташа ........................Член*
2. *Соња Тончевска Костова - наставник од ООУ Димката А. Габерот Кавадарци .......Член*
3. *Марија Попова Шандаров – дефектолог од ООУ Тоде Х. Тефов Кавадарци ................Член*
4. *Анастасија Танева – психолог од ООУ Страшо Пинџур Кавадарци .......................Член*
5. *Верџинија Стојкова – психолог во ООУ Тошо В. Пепето Кавадарци.................................Член*
6. *Валентина Мукаетов – психолог во СОЗШУ Ѓорче Петров Кавадарци ..........................Член*

Околу изготвување на акцискиот план со свои предлози учествуваа формираните тимови од пет основни и едно средно училиште, кои дадоа предлози, кои пак беа селектирани и ставени во еден сумарен акциски план, од кој ќе се црпат активностите кои преточени во програмата на општината ќе се реализираат од страна на училиштата во соработка и заеднички активности со надлежните вработени општината.

**3. Општа цел на Стратегијата**

Општа цел е преку заедничките активности во етнички мешани групи, учениците/наставниците да учат да комуницираат едни со други и на тој начин да се запознаваат со меѓусебните сличности и разлики, како на индивидуално така и на групно ниво. Заедничките активности во етнички мешаните групи го обезбедуваат и неопходниот меѓусебен контакт кој ја овозможува интеракцијата и под одредени услови може да придонесе за намалување на негативните предрасуди кон *другите*.

- Општината ќе се стреми за целосна соработка за МИО и граѓанска вклученост на младите, преку:

§ изработка на општински акционен план за активности за МИО и граѓанска вклученост на младите, заснован на елементите од годишните планирања на училиштата;

§ планирање финансиски средства, друга материјална и логистичка поддршка за
училиштата во делот на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите;

§ формирање општинска комисија за планирање, учество во реализацијата и следење на реализацијата на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите;
§ активно вклучување на вработените од одделението за јавни дејности;
§ соработка со тимовите за училишна интеграција од основните и средните општински училишта, претставниците од Училишните одбори, Советите на родители и локалната заедница;
§ соработка со невладините организации од сферата на интеркултурното образование, меѓуетничката соработка и разни акции во заедницата;
§ соработка со клучните образовни институции (МОН, БРО, ДПИ и ЦСОО);
§ соработка и размена на искуства со други општини;
§ информирање на јавноста за активностите за МИО преку користење на содржините од веб-страницата на општината, локални и национални електронски медиуми;
§ организирање кампањи, дебати и тркалезни маси за подигнување на свесноста на населението за придобивките од меѓуетничко интегрираното образование и граѓанската вклученост на младите во општеството;
§ водење процес за воспоставување на партнерства меѓу училиштата за реализирање активности за меѓуетничка интеграција;
§ поттик и поддршка за креирање мрежа на училиштата во општината и/или во соработка со други општини за реализирање на меѓуучилишна и меѓуопштинска соработка во доменот на меѓуетничка интеграција и граѓанската вклученост на младите.

## 3.1. Методологија

Стратегијата за МИО е долгорочен документ за пет ( 5 ) години кој ги вклучува долгорочните цели на општината и другите засегнати страни- училиштата и локалната заедница. Овој факт ја наметнува неопходноста од подготвување на соодветната методологија што ќе се користи за време на изготвување и реализација на стратешкиот документ.

При подготовување на Локална стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието беа применети следниве принципи:

- ***Сопственост,*** што подразбира дека во крајна линија партнерите и засегнатите страни се одговорни за процесите и резултатите на проектот.

Општинската Комисија формирана од Одделението за општествени дејности со надлежности за образование ја дефинираа својата улога во процесот на подготовка на стратегијата , ги дефинираа засегнатите страни кои беа вклучени во севкупните активности. Комисијата за МИО од општината е формирана од страна на Градоначалникот, а работните групи од страна на Раководителот на одделението за општествени дејности а во истите се вклучени и координаторите на СИТ- овите на 6 училишта кои изразија спремност за соработка . Одговорноста на Комисијата е да изготви план за изработка на стратегија за МИО, да ја изработи стратегијата и достави до Совет на општината за усвојување, план за имплементација на стратегијата, мониторинг на имплементацијата на стратегијата и да изготви Извештај за резултатите од имплементацијата . Одговорноста на одделението за општествени дејности е да прибере податоци потребни за изготвување на стратегијата, координација со засегнатите страни и изготвување на документот.

- ***Одговор на барањата***, целите и активностите на стратегијата мора да одговорат на локалните барања и да понудат решенија специфични за локалното опкружување. Со вклучување на локалната заедница во процесот на имплементација на Локалната стратегија за МИО, нејзините активности стануваат тесно поврзани со потребите , па оттука се релевантни и одговараат на барањата. Врз основа на идеите и очекувањата од сите засегнати страни вклучени во процесот беше направена и СЊОТ – анализа која ќе биде показател за поедноставување и непречено реализирање на планот;

- ***Вклучување на повеќе засегнати страни.*** Во процесот на анализата и подготовката на стратегијата од страна на претседателот на комисијата беше направен напор да се обезбеди баланс меѓу сите партнери учесници во изготвувањето. Комисијата во соработка со делегираните членови од училиштата и директорите одржаа неколку состаноци чија цел беше да се слушне мислењето и идеите од засегнатите страни а врз основа на нив да се формулираат стратешките цели на стратегијата .

- **Градење на капацитетите** . Стратегијата за МИО им помага на партнерите да се стекнат со институционални капацитети и / или индивидуални вештини кои можат ефективно да се искористат во развојни цели. Комисијата превзема неопходни чекори и сумираше веродостојни податоци кои потоа беа искористени при подготовката на стратегијата . Претходно собраните податоци беа искористени да се дефинира стратешка цел и стратешки задачи.

- **Партнерство** Здружувањето на локалната власт, училиштата, родителите и другите организации е единствениот можен начин за да се реализираат активностите и да се постигнат целите. Како резултат на тоа, во процесот се вклучени сите чинители за постигнување на општите и посебни цели кои водат до поквалитетно општествено живеење.

- ***Учење преку работа*** . Ова е област за која постои се поголемо барање за конкретни лекции и алатки, што би можеле да се позајмат, адаптираат и применат. Затоа , Комисијата организираше состаноци за да се ревидираат и дискутираат сугестиите и предлозите со засегнатите страни. Како резултат на овие средби беше финализирана Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието во Општина Кавадарци.

Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието во Општина Кавадарци ќе биде презентирана пред Советот на општината каде се очекува и нејзино одобрување како документ кој ќе преставува алатка за инкорпорирање на сите битни елементи за МИО во програмите на училиштата со која ќе се овозможи олеснителен пристап кон податоци кои се потребни за изработка на останати стратешки документи потребни во делот на образованието или потребите на локалната заедница.

- Стратегијата е подготвена со активната вклученост на претставници од општините во обуките за МИО и преку менторска поддршка и директни посети и дискусии со претставници на општина Кавадарци во период од месец 05. До месец 11. .2019 година.
- Со цел поквалитетна, подобра и поприменлива Стратегијата за МИО, Градоначалникот на општина Кавадарци формираше комисија за изработка на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието составена од претставници на Општина Кавадарци (Одделение за општествени дејности), координатори на МИО на општинските училишта .
- Формирани се работни групи во училиштата составени од тројца наставници,
претставник од стручните служби, двајца претставници од Училишен одбор (по еден од основачот и од училиштето) и еден претставник од Совет на родители.
- Општинските претставници одговорни за образование за МИО учествуваа на Работилницата за размена на искуства и креирање на концепт за стратешки документ на општината за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.
- Работните групи од секое училиште заедно во комуникација со учениците, наставниците и родителите изготвија низа на активности кои планираат да ги реализираат во рамки на МИО, а кои ќе бидат преточени во рамки на годишните програми на училиштата.
- Сите училишта имаат партнер училишта кои се мултиетнички и со кои ќе реализиараат низа на активности кои се предвидени во рамки на акциските планови кои ги имаат доставено до комисијата за изработка на стратегијата, а која ќе ги преточи во рамки на стратешкиот документ.

- ***Заемна доверба и партнерство***

Во општинските училишта во Општина Кавадарци неопходна е меѓусебната доверба и прифаќање на различностите , нешто што се постигнува преку воведување на партнерства на училиштата во кои учат различни етникуми, а наставата се одвива на различен наставен јазик. Кога учениците учествуваат во заеднички активности имаат можност за: непосредна комуникација и меѓусебен контакт; меѓусебно запознавање и формирање

интерперсонални релации; учење едни за други, едни од други; намалување на негативните стереотипи и предрасуди за другите. На тој начин се стекнува заемна доверба и се градат цврсти партнерства.

- ***Учество и размена на мислење***

Учество и размена на мислење, вклучува учество на учениците во донесување одлуки по прашања од нивен непосреден интерес. Преку искуството на организираниот меѓусебен контакт и непосредна интеракција учениците: учат да комуницираат и да соработуваат едни со други; започнуваат да ги препознаваат и да ги прифаќаат меѓусебните сличности и да ги почитуваат меѓусебните разлики; градат меѓусебна доверба; стекнуваат вештини за заедничко живеење во мултиетничко опкружување. Непосредниот контакт и интеракцијата придонесуваат за намалување на негативните стереотипи и предрасуди кон другите. Битно е сите да учествуваат во низа на предвидени активности од страна на училиштата и заеднички да ги споделуваат нивните мислења, со што несомнено се гради доверба, која ќе придонесе до прифаќање на различноста и намалување на предрасудите за другите. Учеството е демократско кога во процесот на одлучување учениците слободно го изразуваат своето мислење. Донесените одлуки се базираат на мислењето на мнозинството на учениците (повеќе од половината на кои се однесува одлуката или на повеќе од половината од нивните претставници во демократски формираните ученички тела).

- ***Транспарентност***

Транспарентноста е битен фактор во разбирање и развивање на мултиетничноста. Ние живееме во мултиетничко општество, нешто што треба да биде голема предност, која треба да создава една позитивна клима не само во училиштата, туку во целото наше општество. Затоа од суштинска важност е транспарентниот однос на училиштата кои соработуваат и реализираат низа на заеднички активности кои јавноста треба да ги види, како такви да ги прифати и да учествува во развивањето на позитивни односи , а различностите да ги доближи и како такви да ги прифати. Многу важно е училиштата преку ВЕБ страните , преку медиумите и училишните весници на еден

транспарентен начин да ги објават сите планирани активности и активности кои што ќе се случуваат во рамки на мултиетничката соработка со други училишта од државата.

- ***Одговорност***

Одговорност е човечка особеност и способност да се прифати повик на отчет за своите зборови, постапки и обврски. Одговорноста е антропоцентричен поим кој нужно се поврзува со сродните и релевантни поими: свесен, зрел, карактерен, чесен кон себе си и кон другите, и така редум, како што е редот.
Многу е битна одговорноста при меѓусебната комуникација на ученици од различни верски припадности, при реализирање на зацртаните активности и секако во односот помеѓу двете страни, учеснички во мултиетничката соработка. Преку одговорен однос се јавува доверба и почитување на двете страни, се гради еден однос на нормална комуникација и прифаќање на различностите. Мултиетничкиот состав на граѓаните во Република Северна Македонија е придобивка која треба да ја негуваме, и како таква од секој ученик, наставник, дете, родител или граѓанин, бара граѓанска одговорност.

- ***Еднакви можности***

Синтагмата „еднакви можности” означува дека сите луѓе треба да имаат еднакви права на човечки, социјален, економски и културен развој, како и подеднакво право на глас во општествениот и во политичкиот живот. Еднакви можности за сите етнички заедници.
Отсуство на пречки за економско, политичко и социјално учество врз основа на полот или верската припадност. Тоа значи промовирање на начелото за воведување на еднакво учество на сите етнички заедници во сите области во општественото живеење, еднаков статус, еднаков третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој. Преку негувањето и реализирањето на еднаквите можности кај сите ученици или наставници во рамки на училиштата создаваме здрави, слободоумни, недискриминирачки идни граѓани во нашето општество, граѓани, кои несомнено ја прифаќаат различноста, ја почитуваат и не ја дискриминираат.

**3.3. Целни групи**

- Оваа стратегија ги вклучува општините, училиштата, родителите, како и граѓанските организации, локалните бизниси и секако граѓаните на Општина Кавадарци.

**3.4. Временска рамка**

- Временската рамка за спроведување на Стратегијата е 5 години и таа ќе се спроведува од учебната 2019/2020 до крајот на учебната 2023/2024 година. Во акциониот план, како составен дел на Стратегијата, подетално се определени роковите за реализација на планираните активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

- Во изготвување и одобрување на стратегијата беа вклучени :
    - *Градоначалникот*
    - *Светот на општина Кавадарци*
    - *Одделението за општествени дејности*
    - *Директорите на училиштата*
    - *Координаторите на СИТ-овите*
    - *Родителите*
    - *Училишните одбори*
    - *Советите на родители*
    - *Наставниците*

## I. ПРОФИЛ НА ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО КАВАДАРЦИ

### 4.1 Училишна мрежа




Во Општина Кавадарци опстојуваат 6 основни училишта, 4 подрачни основни
училишта, 1 подрачно неполно подрачно училиште, едно основно музичко и балетско училиште и 3 средни училишта – Гимназија и 2 средни стручни училишта. Основните училишта со воведување на деветолетка во учебната 2014/2015 година се едуцираат ученици од првата генерација на девето одделение.

Во општина Кавадарци за прв пат се отворени дисперзирании студии на 27.09.2009 година на Земјоделскиот факултет од Универзитетот „ Гоце Делчев“ – Штип кои се сеуште активни. На 20.09.2019 година се отворени и дисперзирани студии на Машинскиот факултет и Технолошко – металуршки факултет – Скопје кои се укинаа 2016/2017 година.

## 2. Преглед на училишта на територија на Општина Кавадарци

2.1. Училишта за основно и средно образование

Општина Кавадарци има надлежност на училиштата за основно образование со подрачните училишта кои функционираат во нивниот состав : ООУ "Тоде Хаџи Тефов" со едно подрачно училиште во село Бегниште/ПОУ, ООУ "Страшо Пинџур" со три подрачни училишта во с.Возарци/ ПОУ, с.Дреново/ ПОУ и с.Марена ПП, ООУ "Гоце Делчев", ООУ"Тошо Велков-Пепето", ООУ "Димката Ангелов Габерот"од Кавадарци со едно подрачно училиште во с. Сопот/ ПОУ, "Димката Ангелов Габерот" од с.Ваташа и ООМБУ "Лазо Мицев-Рале" како и надлежност на училиштата за средно образование СОУ "Гимназија Добри Даскалов", СОУ "Киро Спанџов-Брко" и СОУЗШ "Ѓорче Петров.

Воспитно-образовниот процес се организира и реалзира на македонски јазик во една и две смени во зависност од просторните услови на училиштата, во временски интервал од 7:30 до 14:30 часоти двосменска настава од 13:00часот до 18:30 часот. Во сите

За воспоставување на подобар ред и дисциплина во училиштата е органзирано дежурство од страна на учениците и наставниците.

Во сите основни училишта наставата се изведува само на македонски јазик.

| Име на училиштето | Македонски | | Српски | | Турски | | Ромски | | Друго | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЦОУ | ПОУ | ЦОУ | ПОУ | ЦОУ | ПОУ | ЦОУ | ПОУ | ЦОУ | ПОУ |
| Гоце Делчев | 581 | | - | - | - | - | - | | - | - |
| Д.А.Габерот Кавадарци | 480 | 40 | - | - | - | - | - | | - | - |
| Д.А.Габерот Ваташа | 243 | - | - | - | - | - | - | | - | - |
| Тоде Х.Тефов | 621 | 25 | - | - | - | - | - | | - | - |
| Т.В.Пепето | 630 | - | - | - | - | - | - | | - | - |
| Страшо Пинџур | 346 | 151/41 | - | - | - | - | - | | - | - |
| ОМБУ | 282 | 0 | - | - | - | - | - | | - | - |
| Вкупно | 3456 | | - | - | - | - | - | | - | - |

Во сите средни училишта наставата се изведува само на македонски јазик

| Име на училиштето | Македонски | Српски | Турски | Ромски | Друго |
|---|---|---|---|---|---|
| Гимназија Добри | 676 | - | - | - | - |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Даскалов | | | | | |
| СОЗШУ Ѓорче Петров | 215 | - | - | - | - |
| СОУ Киро С. Брко | 456 | - | - | - | - |
| ВКУПНО | 347 | - | - | - | - |

Основни податоци за училишта за основно образование

**1. Тоде Х. Тефов Кавадарци**

Централното училиште е основано 1962 година, додека училиштето во село Бегнише тогашно ОУ Дешка Тошева отворено 15 јануари 1945 година се преименува во Подрачно основно училиште Тоде Хаџи Тефов. Централното училиште работи во две смени од 07:00 до 19:00, додека подрачното работи една смена до 13:00часот.

Во учебната 2019/2020 година запишани се вкупно 646 ученици во 38 паралелки и тоа:

- од И – В одделение -353 ученици во 17 паралелки во централното и 3 паралелки (1 чиста, 2 комбинирани) во подрачното со вкупно 13 ученика.
- од ВИ – ИЦ одделение – 293 ученици во 16 паралелки во централното и 12 ученика во 2 комбинирани паралелки во подрачното

Училиштето располага со вкупна покриена и корисна површина од --- м2 и истата, во зимскиот период се загрева со парно на пелети, со исклучок на подрачното училиштево село Бегниште, кој се затоплува со печки на дрва ( м2).

Во централното училиште се наоѓаат вкупно 19 училници (915 м2), 4 кабинети (192 м2), 1 библиотека (32 м2), 1 спортска сала (650 м2), 2 надворешни спортски терени (1015м2) ивкупна дворна површина од 7286 м2, а во подрачното училиште се наоѓаат вкупно 5 училиници (210м2), 1 кабинет (35м2), надворешен спортски терен (210м2) и дворна површина од 1151 м2.

| Корисна површина (m2) во Основното училиште "Тоде Хаџи-Тефов" | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| училишта | училници | површина | кабинети | површина | библиотека | површина | двор |
| ООУ Тоде Хаџи-Тефов | 19 | 912м2 | 4 | 192м2 | 1 | 32м2 | 7286м2 |
| ПОУ Тоде Хаџи-Тефов с.Бегниште | 5 | 210м2 | 1 | 35м2 | / | / | 1151м2 |

| Етичка и родова припадност на учениците на ООУ „Тоде Хаџи Тефов" | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | машки | женски | Македонци | | Роми | | Турци | | Албанци | |
| | | | машки | женски | машки | женски | машки | женски | машки | женски |
| I - IX | 353 | 293 | 337 | 281 | 14 | 11 | 2 | 0 | 0 | 1 |
| Вкупно | 646 | | 618 | | 25 | | 2 | | 1 | |

2. ООУ Тошо Велков Пепето

Централнотоучилиште е основано 1984 година, работи во две смени од 07:00 до 19:00. Во учебната 2019/2020 година запишани се вкупно 630 ученици во 31 паралелка и тоа:

- од И – В одделение - 345ученици во 17 паралелки
- од ВИ – ИЦ одделение – 285 ученици во 14паралелки

| Етничка припадност на учениците во ООУ „ Тошо В. Пепето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделени | машки | женски | Македонци | Роми | Турци | Власи | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| е | | | | | | | | | | |
| | 289 | 336 | машки | женски | машки | женски | машки | женски | машки | женски |
| И - ИЦ | | | 284 | 324 | 3 | 9 | 2 | 1 | / | 2 |
| Вкупно | 625 | | 608 | | 12 | | 3 | | 2 | |

Училиштето располага со вкупна покриена и корисна површина од 4300 м2 и истата, во зимскиот период се загрева со парно на пелети и дрва. Во училиштето се наоѓаат вкупно 4 училници (228 м2), 20 кабинети (1080 м2), 1 библиотека (54 м2), 1 спортскасала (305 м2), 2 надворешни спортски терени и вкупна дворна површина заедно со спортски терени од 6 300 м2.

| Корисна површина (м2) воОсновното училиште "ТошоВелковПепето" | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| училиште | Учил-ници | Повр ши-на | Кабине -ти | Површ и-на | Библи -отека | површина | двор |
| ООУ Тошо Велков Пепето | 4 | 228м 2 | 20 | 1080м2 | 1 | 54м2 | 6300м2 |

3. **ООУ Страшо Пинџур**

Централното училиште е основано 1956 година, додека училиштата во село Возарци 1949/50год, во село Дреново 1939год и во село Марена 1990год. Централното училиште работи во една смена од 07:00 до 17:00часот, исто така и подрачните работат во една смена до 13:00часот. Во склоп на Централното училиште има и училиште за децата со посебни образовни потреби и се опфатени 16 ученици во 5 паралелки.

Во учебната 2019/2020 година во Училиштето запишани се 562 ученика од кој во Централното училиште запишани се вкупно 346 ученици во 18 паралелки и тоа:

- од И – В одделение - 179 ученици во 10 паралелки,

- од ВИ – ИЦ одделение – 167 ученици во 8 паралелки

И вкупно 192 ученика во 23 паралелки во трите подрачни училишта и тоа:

- од И – В одделение - 29 ученици во 5 паралелки паралелки во с.Дреново, 53 ученици во 5 паралелки во с.Возарци и 41 ученик во 5 паралелки во с.Марена
- од ВИ – ИЦ одделение - 33 ученици во 4 паралелки во с.Дреново и 36 ученици во 4 паралелки во с.Возарци.

| Етничка и родова припадност на учениците на ООУ „СтрашоПинџур” | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одделение** | **машки** | **женски** | **Македонци** | | **Роми** | |
| | | | **машки** | **женски** | **машки** | **женски** |
| **И - ИЦ** | 300 | 255 | 228 | 247 | 17 | 10 |
| **Вкупно** | 562 | | 535 | | 27 | |

Училиштето располага со вкупна покриена и корисна површина од 3 840 м2 и истата, во зимскиот период се загрева со парно на пелети, со исклучок на подрачното училиште во с. Дреново и с. Марена, кој се затоплуваат со печки на дрва ( 1 482 м2).

Во централното училиште се наоѓаат вкупно 21 училници (1910 м2), 1 библиотека (15 м2), 2 надворешни спортски терени (400м2) и вкупна дворна површина од 700 м2, во подрачното училиште во село Возарци се наоѓаат вкупно 5 училиници (448м2), надворешен спортски терен (350м2) и дворна површина од 1100м2, во село Дреново се наоѓаат вкупно 9 училници (667м2), надворешен спортски терен (200м2)и дворна површина од 300м2 и во село Марена се наоѓаат 5 училници (850м2), надворешен спортски терен (250м2) и дворна површина од 3000м2.

| | **Кориснаповршина (м2) воОсновнотоучилиште “СтрашоПинџур”** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Основно/подрачно училишта** | **училници** | **површина** | **Библ.** | **Површ.** | **двор** | **Површ.на надвор. терени** | **Затопл.** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ООУ Страшо Пинџур** | **21** | **1910 м2** | **1** | **15 м2** | **700 м2** | **400 м2** | **парно - нафта и дрва** |
| 2 | **ПОУ СтрашоПинџур с.Возарци** | **5** | **448 м2** | **/** | **/** | **1100 м2** | **350 м2** | **парно - нафта и дрва** |
| 3 | **ПОУ СтрашоПинџур с.Дреново** | **9** | **667 м2** | **/** | **/** | **300 м2** | **200 м2** | **Печки на дрва** |
| 4 | **ПОУ СтрашоПинџур с.Марена** | **5** | **850 м2** | **/** | **/** | **3000 м2** | **250 м2** | **Печки на дрва** |

4. **ООУ Димката Ангелов Габерот – Кавадарци**

Централното училиште е основано 1962 година, додека училиштето во село Сопот 1991 година. Централното училиште работи во две смени од 07:00 до 19:00, додека подрачното работи една смена до 13:00часот.

Во учебната 2019/2020 година запишани се вкупно 480 ученици во 36 паралелки и тоа:

- од И – В одделение - 239 ученици во 15 паралелки во централното и 21 ученик во 3 паралелки во подрачното
- од ВИ – ИЦ одделение – 241 ученик во 12 паралелки во централното и 19 ученици во 4 паралелки во подрачното

Училиштето располага со вкупна покриена и корисна површина од 2166 м2 и истата, во зимскиот период се загрева со парно на пелети, со исклучок на подрачното училиште во село Сопот, кој се затоплува со печки на дрва ( 416 м2).

Во централното училиште се наоѓаат вкупно 15 училници (720 м2), 3 кабинети (144 м2), 1 библиотека (20 м2), 1 спортска сала (650 м2), 2 надворешни спортски терени (420м2) и вкупна дворна површина од 2 340 м2, а во подрачното

училиште се наоѓаат вкупно 9 училиници (477м2), надворешени спортски терени (3 000 м2) и дворна површина од 4 000м2.

| Корисна површина (м2) во ООУ "Димката Ангелов Габерот" Кавадарци | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Училиш | Училници | Површ | Кабинети | Површ. | Библ. | Површ. | двор | Површ. нанадвор. терени | Површ. насп.сала | Затоп-лување |
| ООУ Д.А.Г. | 15 | 720м2 | 3 | 144м2 | 1 | 20м2 | 2340м2 | 420м2 | 650м2 | парно нанафта |
| ПОУ Д.А.Г. с.Сопот | 9 | 477м2 | / | / | 1 | 12м2 | 4000м2 | 3000м2 | / | печки надрва |

5. **ООУ Димката Ангелов Габерот – с.Ваташа**

Училиштето е основано 1948 година, работи во една смена од 07:00 до 17:30.

Во учебната 2019/2020 година запишани се вкупно 243 ученици во 18 паралелки и тоа:

- од И – В одделение - 142 ученици во 10 паралелки
- од ВИ – ИЦ одделение – 101 ученици во 8 паралелки

| Етничка и родоваприпадностнаучениците во ООУ,, ДимкатаАнгеловГаберот „ с.Ваташа | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одделени | машк | женск | Македонци | Роми | Турци |

| е | и | и | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| И - ИЦ | 134 | 114 | машки | женски | машки | женски | машки | женски |
| | | | 95 | 85 | 37 | 29 | 2 | / |
| Вкупно | 248 | | 180 | | 66 | | 2 | |

Училиштето располага со вкупна покриена и корисна површина од 1100 м2 и истата, во зимскиот период се загрева со парно на дрва.

Во централното училиште се наоѓаат вкупно 19 училници (886 м2), 1 кабинет (20 м2), 1 библиотека (18 м2), 2 надворешни спортски терени (600м2) и вкупна дворна површина од 1042 м2.

| Корисна површина (м2) воОсновно училиште ООУ ,Димката АнгеловГаберот" од с.Ваташа | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Училиш. | Учил-ници | Површ. | Кабин | Површ. | Библи-отека | Површ. | двор | Површ. нанадвор. терени | Затопл |
| ООУ Д. А. Габерот с.Ваташ | 19 | 886,06м2 | 1 | 20,24м2 | 1 | 18м2 | 1042м2 | 600м2 | парно надрва |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | | | | | | | | | |

6. **ООУ Гоце Делчев**

Училиштето е основано 1975 година и работи во две смени од 07:00 до 19:00 часот.
Во учебната 2019/2020 година запишани се вкупно 581 ученици во 27 паралелки и тоа:

- од И – В одделение - 311 ученици во 15 паралелки
- од ВИ – ИЏ одделение – 270 ученици во 12 паралелки

| Етничка и родоваприпадностнаучениците во ООУ,, Гоце Делчев „ с.Ваташа | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | машки | женски | Македонци | | Срби | | Турци | |
| И - ИЏ | 304 | 276 | машки | женски | машки | женски | машки | женски |
| | | | 303 | 276 | 1 | - | 2 | / |
| Вкупно | 580 | | 579 | | 1 | | 2 | |

Училиштето располага со вкупна покриена и корисна површина од 3 420 м2 и истата, во зимскиот период се загрева со парно греење. Во училиштето се наоѓаат вкупно 20 училници, 4 кабинети, 1 библиотека, 1 спортска сала (420 м2), 2 надворешни спортски терени (3 388м2) и вкупна дворна површина од 8 175 м2.

| Корисна површина (м2) во ООУ “ГоцеДелчев” Кавадарци | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| училиште | училници | кабинети | библиоте | двор | Површ. нанадво | Површ. наспорт | Затоплув. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ка | | р. терени | ска сала | |
| ООУ Гоце Делчев | 20 | 11 | 1 | 8174м2 | 3388м2 | 420м2 | парногреење |

7. **ОМБУ Лазо Мицев Рале**

Основното музичко и балетско училиште е основано 1970 година и работи во две смени од 06:00 до 21:00.

Во учебната 2019/2020 година запишани се вкупно 282 ученици во 28 паралелки и тоа:

- од И – В одделение - 227 ученици во 22
- од ВИ – ИЦ одделение – 55 ученици во 6 паралелки

| Етничка и родова припадност на учениците во ОМБУ „Лазо Мицев Рале” - Кавадарци | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одделение** | **машки** | **женски** | **Македонци** | | **Роми** | |
| | | | **машки** | **женски** | **машки** | **женски** |
| **И - ИЦ** | 137 | 145 | 131 | 143 | 6 | 2 |
| **Вкупно** | 282 | | 274 | | 8 | |

Училиштето располага со вкупна покриена и корисна површина од 553 м2 и истата, во зимскиот период се загрева со парно на нафта. Училиштето располага со вкупно 4 училници (80 м2), 7 кабинети (350 м2), и вкупна дворна површина од 300 м2, а во подрачното училиште има вкупно 5 училиници (210м2), 1 кабинет (35м2), надворешен спортски терен (210м2) и дворна површина од 1151 м2.

| Кориснаповршина (м2) во ООМБУ„ ЛазоМицевРале” | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| училиште | училни ци | површин а | кабинет и | површин а | двор | Затоплув. |
| ОМБУ ЛазоМицевРале | 4 | 80 м2 | 7 | 350м2 | 300м2 | Парно на нафта |

**Основни податоци за училишта за средно образование**

**1. СОУ Гимназија Добри Даскалов**

Средното општинско училиште “Добри Даскалов”е основано 1945година и работи во две смени од 06:00 до19:00.
Во учебната 2019/2020 година запишани се вкупно 676 ученици во 28 паралелки и тоа:

- гимназиско образование - 492учениципво 20 паралелки
- правен – 83ученицииво4паралелки
- економски тех.- 101 ученик во 9 паралелки

Училиштето располага со вкупна покриена и корисна површина од 4 689 м2 и истата, во зимскиот период се загрева со парно на нафта и дрва. Во училиштата се наоѓаат вкупно 22 училници, 8кабинети, 1 библиотека и 1спортска сала (474 м2), а располагаат со вкупна дворна површина од 8010 м2.

**2. СОУ Киро Спанцов Брко**

Средното општинско училиште “Киро Спанцов Брко” е основано 1979 година и работи во една смена од 06:00 до 13:00часот. Во учебната 2019/2020 година запишани се вкупно 456 ученици во 22 паралелки.

| Етичка и родовапripадностнаучениците од СОУ „КироСпанцовБрко” | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| одделени е | машк и | женск и | Македонци | Роми | Срби |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| И – ИВ | 359 | 100 | машки | женски | машки | женски | машки | женски |
| | | | 347 | 99 | 10 | 1 | 2 | 0 |
| Вкупно | 459 | | 446 | | 11 | | 2 | |

Училиштето располага со вкупна покриена и корисна површина од 3 481 м2 и истата, во зимскиот период се загрева со парно на нафта. Во училиштата се наоѓаат вкупно 22 училници, 8 кабинети, 1 библиотека и 1 спортска сала (474 м2), а располагаат со вкупна дворна површина од 8010 м2.

| Кориснаповршина (м2) воСредонотоучилиште "СОУ КироСпанцовБрко" | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Учил. | Учил-ници | Повр. | Кабинети | Повр. | Биб. | Повр. | двор | Површ. На надв. терени | Површ. на сп. сала | Затоп. |
| СОУКиро С.Брко | 21 | 1450м2 | 5 | 350м2 | 1 | 65м2 | 14500м2 | 1700м2 | 411м2 | Парно/нафта |

3. СОЗШУ Ѓорче Петров

Средното општинско земјоделско и шумарско училиште "Ѓорче Петров" е основано 1965 година и работи во една смена од 07:00 до 13:00часот. Во учебната 2019/2020 година запишани се вкупно 215 ученици во 20 паралелки.

| Етичка и родовапripадностнаучениците од СОУЗШ „ЃорчеПетров" | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | машки | женски | Македонци | Роми | Турци | Албанци |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| И – ИВ | 94 | 134 | машки | женски | машки | женски | машки | женски | машки | женски |
| | | | 79 | 116 | 11 | 20 | / | 1 | / | 1 |
| Вкупно | 228 | | 195 | | 31 | | 1 | | 1 | |

Училиштето располага со вкупна покриена и корисна површина од 2650 м2 и истата, во зимскиот период се загрева со парно на нафта. Во училиштата се наоѓаат вкупно 22 училници, 8 кабинети, 1 библиотека и 1 спортска сала (474 м2), а располагаат со вкупна дворна површина од 8010 м2.

| Корисна површина (м2) во Средно училиште “СОЗШУ ЃорчеПетров” | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Училиш. | Учил. | Повр. | Кабинети | Повр. | Библ. | Повр. | двор | Пов.надв. терени | Пов. спорт. сала | Затоп. |
| СОЗШУ Ѓорче Петров | 21 | 1560 м2 | 1 | 55 м2 | 1 | 42 м2 | 3190 м2 | 1520 м2 | 650 м2 | Парно нафта и дрва |

ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА МИО НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА СО ПАРТНЕР УЧИЛИШТА ОД ДРУГИ ОПШТИНИ

Развивање на еколошката свест Преку заедничка дискусија учениците ќе ја развиваат еколошката свест за тоа како да заштитат животната средина и планетата Земја која е дом за сите нас.
Преку заедничките активности се очекува учениците од двете училишта да се научат на интеракција што им е потребна за живеење во Република Македонија како држава со мултиетничко општество.
Да се намалат негативните предрасуди и стереотипи, да ја зголемат меѓуетничката соработка и да создадат односи на меѓузависност.

Учениците да научат да комуницираат едни со други и на тој начин да се запознаваат со меѓусебните сличности и разлики, како на индивидуално така и на групно ниво.
Преку активностите се очекува да се постигне интеракција и градење на дух на соработка во мешани групи на ученици.
Промовирање на толеранција, мир, еднаквост, праведност.
Промовирање на заедничко дружење и пријателство.

АКТИВНОСТ БР 1:

Вид на активност : Работилница за Екологија

**Опис на активноста**:

Активноста ќе вклучи вкупно 20ученика (од двете училишта) од 6-то и 7-мо одделение и 4 наставника (по 2 од секој наставен јазик) и родители на ученици.
Сите учесници стојат во круг, а на нив се закачени срцињатана кои се испишани имињата изработени во претходната активност. Реализаторите стојат еден наспроти друг, на спротивните страни од кругот. Започнува еден од реализаторите кој треба најпрво да го изговори јасно и гласно името надругиот реализатор, а потоа да му ја додаде топката. Другиот реализатор треба да ја фати топката, да го изговори името на учесникот што стои десно од првиот реализатор и потоа да му ја додаде топката. Откако првиот учесник ќе ја фати топката, го изговара името на учесникот што се наоѓа десно од вториот реализатор и му ја подава топката. Вториот учесник го продолжува кругот на изговарање на имињата и додавање на топката на истиот принцип, кон десно од оној од кој ја примил топката. Кругот завршува кога топката ќе дојде до првиот реализатор.
Играта може да се игра и втор круг откако учесниците ќе ги сменат местата во кругот. Овој пат учесниците треба да се обидат сето тоа да го прават побрзо, но без топката да падне на земја.

**Главна активност**

По меѓусебното запознавање од претходната активност учениците се делат во групи при што се внимава на полова и етичка/јазична балансираност и соодветна возрасна категорија. Активноста ќе вклучи вкупно 20 ученика (од двете училишта) од 6-то и 7-мо одделение и 2 наставника (по 2 од секој наставен јазик) Наставниците ќе ја следат работата на учениците –

учесници, нивната ангажираност и мотивираност. Ќе биде постигната подеднаква застапеност и наизменично користење на двата наставни јазика во текот на реализацијата на заедничката активност.
Им се покажува како треба да изгледаат крајните продукти од оваа активност . Потоа секоја група се договара која од трите изработки сака заеднички да ја направи и тоа им го соопштува на реализаторите кои потоа на лице место, на цел хамер, ја цртаат фигурата (според изборот на групата) што е основа за крајната изработка:

- **стебло само со гранки**
- **пеперутка без крила**
- **сонце без зраци.**

Потоа учесниците во секоја група треба да ги довршат фигурите за да личат на крајните изработки на тој начин што со помош на реализаторите ги оцртуваат своите дланки, а потоа го бојат нацртаното со боички, па гранките добиваат листови, пеперутката добива крила, а сонцето – зраци.
Заедно со учениците и двајцата наставници се поведува разговор на тема Екологија. Учениците пишуваат еко пораки на македонски и албански јазик, кои претходно беа утврдени од страна на учениците од двете училишта со меѓусебен договор со интернет комуникација што ќе им претставува и дополнителна мотивација за работа. Пораките и цртежите се изработуваат на хамер со обоени каменчиња и се презентираат пред присутните.

**Краен резултат:**

**Крајниот резултат ќе бидат еко пораки изработени од природен материјал на хамер.**

АКТИВНОСТ БР 2:

**Цел наактивноста:**
- да истражува за тврдината Кале
- да осознаваат факти за историското минато на месноста
- да развиваат вештини за соработка и тимска работа со ученици од различни

етнички заедници
-да донесуваат заеднички одлуки
- да развиваат ставови за почитување на мислењето на останатите
- да развива почит и доверба кај другите
-да се намалат негативните предрасуди и стереотипи
-да ја зголемат меѓуетничката соработка и да создадат односи на меѓузависност.
- учениците да научат да комуницираат едни со други и на тој начин да се запознаваат со меѓусебните сличности и разлики, како на индивидуално така и на групно ниво.

**Вид на активност: Воннаставна активност- Истражувачка во рамки на предметот Географија**

**Опис на активноста:**

**Воведна активност**

-Активноста ќе вклучи вкупно 16 ученика (од двете училишта-8+8) од 7 и 8 одделение и 4 наставника (по 2 од секој наставен јазик) и родител.

-Двајцата реализатори на активноста (по еден наставник од секое училиште) на двата јазика на кратко ја изложуваат целта на денешната заедничка активност и по кратко излагање ќе ја започнат воведната активност на меѓусебно запознавање на учениците.
Сите учесници ќе бидат наредени во круг, а на нив ќе имааат закачено срциња изработени во претходната активност. Активноста ќе започне така што еден од реализаторите ќе го изговори јасно и гласно своето име, притоа правејќи движење кое останатите учесници го повторуваат аплаудирајќи му на учесникот и изговорувајќи го неговото име. Другиот реализатор ја продолжува активноста. Кругот завршува кога и последниот учесник ќе се претстави со своето име и движење. Вклучена е и топка која со додавање го определува следниот учесник во активноста.
- Со учениците се разговара за нивните предзнаења за историскиот локалитет, за историјата и денес.

**Главна активност**

- Учениците се групираат во 2 групи од по 8 ученика. При формирањето на групите се внимава на рамноправна полова, возрасна и етничка застапеност.
- Секоја група добива флипчарт и лист со инструкции
- Со поисредство на интернет и двете училишта со посреден контакт имаат веќе истражувано на темата.
- Понудени беа и соодветнои веб страни кои може да ги користат

- Податоците ги запишуваат на флипчарт на двата јазика.
- Изработуваат хамер/стиропор (материјалите за изработка може да се комбинираат).

Задача на учениците е да изработат два проекти на хамер со слики, на кои ќе биде претставена тврдината Кале како изгледала во минатото и денес.

- Наставниците кои учествуваат во реализацијата на активноста подеднакво ги третираат учениците со вниманието што им го посветуваат и подршката што им ја даваат.
- Во текот на работата учениците во своите групи се поттикнуваат меѓусебно да коммуницираат, соработуваат и да разменуваат идеи.
- Се следи работата во групите и доколку е потребно им се даваат дополнителни насоки или сугестии.
- По завршувањето на активноста секоја група ја презентира својата работа на двата јазика.

**Завршна активност**

Со целата група најпрво се учи да се брои од 1-6 на едниот, а потоа и на другиот јазик застапен во групата, така што најпрво реализаторите бројат гласно, а по секоја бројка прават пауза за сите учесници неа да ја повторат во еден глас.
Потоа секој учесник добива по една бројка од еден до шест која ја залепува на видно место на горниот дел од едното стапало на самиот чевел.

Сите слободно шетаат низ просторот. На даден знак, реализаторите наизменично кажуваат една бројка од еден до шест на двата јазика јазици а сите треба најбргу што може да се наредат во една линија, така што бројките да бидат по ред - најпрво ќе биде таа што е кажана, па сите што следуваат по неа до шест, а потоа од еден до шест итн., додека да се наредат сите учесници (пример: ако се каже бројот 4, учесниците треба да се наредат: 4-5-6-1-2-3-4-5-6-1-2-3-4-5-6-1-2-3...).
Играта може да се повторува неколку пати, а реализаторите секој пат да го мерат времето за кое учесниците ќе се наредат, во обид да ги стимулираат секој нареден пат да бидат побрзи и поуспешни.

**Рефлексија:**

- Што правевме денес?
- Како се чувствувате?
- Што научивте?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

**Краен резултат:**

**Крајниот резултат ќе бидат две презентации на историскиот локалитет Кале (некогаш и сега) изработени на хамер/стиропор.**

**Кои се вашите очекувања за ефектите кои ќе ги постигнете:**

Активноста ќе влијае кон подобрување на вештините на учениците да работат и заеднички донесуваат одлуки во мешана група. Групната работа на учениците ќе придонесе кон развивање и унапредување на квалитетниот мултикултурен соживот и хармонична мултикултурна заедница.

АКТИВНОСТ БР 3:

**Цел на активноста:**

**Запознавање и лична афирмација**
**Градење групна кохезија и чувство на припадност на групата**

**Рефлексија на искуствата и стекнатите знаења**
**Одржување на групна кохезија/создавање долготрајни меѓусебни релации**
Активноста има за цел иницијално воспоставување на позитивна амосфера, остварување на прв контакт и почеток на меѓусебно запознавање. За време на слободните активности и паузите игрите ќе се користат за поттикнување на спонтана и неформална интеракција, градење групна кохезија . Во текот на активностите ќе се користи за поттикнување на рефлективно мислење и свест за процесот на мултикутлурно учење кај самите ученици, овозможување рефлексија на стекнатите знаења и искуства како и мотивирање за одржување на долготрајни контакти и по средбите.

**Вид на активност:**

**"Мрежа на пријателството"- Запознавање/ Тим билдинг/активност за рефлексија**

## Опис на активноста

**Воведна актвност -Запознавање**
Пред остварувањето на средбата одговорните наставници од двете училишта подготвуваат список на учесници кој го доставуваат на партнер училиштето. Имињата на учениците се запишуваат на лифчиња и во секое од училиштата на подгтвителен состанок секој ученик влечи по едно име на ученик од партнер училиштето. Сите добиваат задача да осмислат три работи кои би сакале да ги дознаат за да го запознаат подобро избраното другарче како би подготвиле лична карта за него. Преку посредна комуникација учениците ги разменуваат бараните информации за своите партнери и секој од нив на картон во форма на срце треба да изработи лична карта на своето другарче каде покрај името ќе ги прикаже нештата кои ги дознал за другарчето или со цртеж или со зборови на двата јазика.

При првиот контакт на средбата која ќе се реализира на Скопската тврдина Кале сите присутни ученици во круг започнуваат со меѓусебно претставување со тоа што секој го претставуава своето избрано другарче и му го подарува изготвеното срце кое ќе го носи на ланче од конец на себе за време целата средба. Се продолжува со делење на стикери на секој учесник на кои им се дава задача на секој од учесниците да напишат свои очекувања/стравови од средбата кои ќе ги залепат поставен хамер на земја. Откатко сите ќе залепат двајца учесници од двете групи со помош на наставниците на двата јазика ќе го прочитаат напишаното . по кратка дискусија учениците продолжуваат со игри за загревање и градење групна кохезија.

**Градење групна кохезија**

**Ајкули**- На неколку места на подот се поставуваат „острови” со различна големина (неколку поголеми стари хартии меѓусебно залепени). Еден од реализаторите им дава насока дека сите треба се движат пливајќи низ просторот околу „островите” притоа кажувајќи дека одвреме навреме може да наидат ајкули. При ненадеен извик дека доаѓа ајкула, секој бара место да застане на некој „остров”. Потоа повторно продолжува пливањето околу „островите”, но веќе некои од нив се извадени, па сега сите треба да најдат начин како да застанат на преостанатите. Активноста завршува кога сите ќе успеат да застанат само на еден оставен „остров” кој треба да биде со таква големина која ќе ги предизвика учениците на меѓусебно помагање со цел сите да ги собере на дадениот простор

**Човечки јазол**- Учесниците се делат според групите кои треба да учествуваат во следните 2 активности. На така формираните групи им се дава насока да застанат во кругови со испружени раце кон напред. Потоа ги затвораат очите и полека тргнуваат кон центарот на кругот, каде напипуваат две слободни дланки кои ќе треба да ги фатат. Ниту една рака не треба да остане слободна, ниту, пак, две раце да се фатат за една. Кога сите раце ќе се пронајдат и ќе се фатат, сите ги отвораат очите и полека тргнуваат да се отплеткуваат. Истата игра може да се повтори по завршувањето активносите во малите групи со целата група учесници

**Рефлексија**

По завршувањето на сите активности во двете групи се собира повторно целата група заедно. Најпрво се бара секој да направи рефлексија на целокупното искуство до сега и да опише што најмногу му се допаднало, што би сакал да се случи поинаку, и што би сакал/а да се случи во иднина , зошто би сакал/а повторно да се дружи на ваков начин со припадници од друга етничка група ,по што се слчни сите учесници на овие активности и да го запише на внатрешната страна од своето “срце”.

**Мрежа на пријателството:** Сите стојат во круг. Започнува еден кој држи клопче волница и најпрво го вметнува своето срце преку клопчето и намотува на едниот показалец два пати од крајот на волницата, кажува едно нешто од запишаното што најмногу му се допаднало во текот на сите средби на групата и клопчето внимателно го додава на некој друг во кругот откако претходно јасно ќе го изговори неговото име. Другиот го фаќа клопчето, го вметнува срцето и намотува два пати од волницата на показалецот и додава што нему најмногу му се допаднало. На ист начин клопчето се додава од еден до друг додека да се вклучат сите во кругот и да се формира мрежа од волницата на која стојат “уловени” сите срциња од групата. Се заокружува активноста со заклучоци дека сите имаме сличности и сме поврзани едни со други независно од полот, расата, етничката припадност и др. На крај секој добива ножици да го ослободи своето срце и се дава задача да си го размени со партнерот со кој првобитно бил паднат во пар како би го сочувале како спомен .

**краен резултат:**

Учениците креираат “Мрежа на пријателството” со споделување на заеднички искуства и сличности кои ги поврзуваат
СИТ: Директор, Психолог, Педагог, координатор, преставници од наставниците, претседател на Ученички парламент, Ученички правобранител

## ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА МИО ВО ОСНОВНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА

Очекуван резултат 1:
Меѓуетничката интеграција е составен дел од годишната програма на училиштето

| | Опис на активноста | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Ресурси | Поддршка и следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Состанок на СИТ-от во училиштето Предлог идеи за Мио активности и нивна реализација | Стручни служби, Наставници, ученички заедници | Мај | Наставници, Ученици, Стручни служби, Членовите на ученичката заедница | Годишни и тематски планирања со МИО содржини | Работна група |
| 1.2 | Редовни состаноци на тимот на МИО за планирање , следење и реализација и учество на активностите во училиштето | СИТ-от при училиштето | Во текот на годината | Поддршка за унапредување на МИО во училиштето | Годишна програма | Работна група |

| Очекуван резултат 2:<br>Професионален развој, насочување на наставниците за квалитетно водење на МИО активности<br>-Развивање компетенции кај учениците за МИО ( промовирање на вредности за заедничко живеење и почитувањена разликите меѓу луѓето); -Учат за сопствената и културата на другите; -Учат за соработка, толеранција, еднаквост, праведност; -Развивање вештини за решавање на конфликти. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Опис на активноста | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Ресурси | Поддршка и следење |
| 2.1 | Аналитичко следење на активностите на ЊЕБ страната на ПМИО | СИТ-от при училиштето | Септември | Сознавање на новите содржински аспекти на ПМИО | ЊЕБ страна на ПМИО | Работна група |
| 2.3 | Имплементирање самостојни мулти – културни активности | Наставници од И – ИЦ одд. | Во текот на учебната година | Користење на прирачници за животни вештини и Демократско учество | Стручна служба | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.4 | Истражување; Разговор со припадници на муслиманската вероисповед ; Разговор со припадници на христијанската вероисповед – родители ,баби ,дедовци Прибирање на информации ,фотографии и нивно селектирање | Наставничкиот кадар при Стручните служби, Учениците од одделението, Родителите на учениците. | Запознавање со правилата за прослава на муслиманските празници ; Пронаоѓање заеднички елементи при прослава на верските празници кај христијаните и муслиманите | Компјутер Видео бим Фотоапарат Печатач Хартија | Јануари - Февруари | Презентација изработена во Поњер Поинт и Прези ; Брошура |
| 2.5 | Интеграција на мултиетничките карактеристики од Република Македонија | Наставници и ученици од партнер училиштето | Истражување; Заеднички активности на сите реализатори - предавања , дискусии ,посета на етно музеј | Компјутер Фото апарат | Март – Мај | Сценска изведба |

Очекуван резултат 3:

Негување на демократски вредности на човекови права, развивање вештини за решавање конфликти преку повратни информации

| | Опис на активноста | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Ресурси | Поддршка и следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 | Изработка иконографија со мулти – културен и мулти – етнички карактер | Стручни служби, Наставници, ученички заедници | Во текот на целата учебна година | Градење на мулти – културни и мулти – етнички вредности и различности | Годишни и тематски планирања со МИО содржини | Работна група Стручна служба |
| 3.2 | Промоција на реализирани МИО активности | СИТ-от при училиштето | Мај-Јуни | Промотивен настан на училишно ниво за МИО активности пред Управата, наставниците, родителите , претставници од заедницата | Годишна програма | Работна група Стручна служба Ученици Наставник по информатика |

| Очекуван резултат 4:<br>- Активностите ќе придонесат кон рефлектирање на мултикултурниот дух со кој наставниците и родителите ќе ги учат децата да ги почитуваат другите култури, религии, јазици и ентитети.<br>- Почитта кон различноста е клучно за градење на социјална и интеретничка кохезија во целата земја. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Опис на активноста | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Ресурси | Поддршка и следење |
| 4.1 | Работилница за изработка на новогодишни честитки | Стручни служби, Наставници, ученички заедници од двете партнер училишта | Декември | Развивање на вештини на толеранција, недискриминација, соработка, еднаквост | МИО планирања | Работна група Ученици Наставници-реализатори на МИО активности |
| 4.2 | Работилница за изработка на креации од рециклирани природни материјали | Стручни служби, Наставници, ученички заедници од двете партнер училишта | Март | Потикнување взаемна почит, сваќање на меѓусебни сличности и разлики, вештини за заедничко комуницирање | МИО планирања | Работна група Ученици Наставници-реализатори на МИО активности |

## АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МУЛТИКУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ ВО ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

| Целна група и поединци | Активности | Одговорни | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Македонци и припадници на останати националности и држави | Посета на семејства и запознавање со традициите на празниците на целните групи | Одделенски раководители, претставници на одделенската заедница, ученици и наставниците: по етика во религиите по предметот Класична култура на европските цивилизации | Октомври - јуни |
| Македонци, Бошњаци, Срби, Роми и Албанци | Запознавање и размена на обичаи по повод православниот празник Божиќ | Одделенски раководител, претставник на одделенската заедница, ученици и наставникот по етика во религиите, стручната служба | Јануари |
| Македонци, Бошњаци, Срби, Роми и Албанци | Посета и престој кај семејства од други националности за размена на навики, обичаи и одбележување на значајни датуми за нивната религија и училиште | Одделенски и предметни наставници, стручна служба, ученици, родители, | по добиена покана |
| Македонци, Бошњаци, Срби, Роми, Албанци и ученици и наставници од други нации и држави | Запознавање со христијанските традиции по повод православниот празник Велигден | Одделенски раководител, претставник на одделенската заедница, ученици и наставникот по етика во религиите, стручната служба | Април |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Македонци и Роми | Посета на ромските семејства за празникот Ѓурѓовден | Одделенски раководител, претставник на одделенската заедница, ученици и наставникот по етика во религиите и стручната служба | Мај |
| Македонци, Бошњаци, Срби, Роми, Албанци и ученици и наставници од други националности и држави | Одбележување на патрониот празник на училиштето | Директор, наставници, вработени, ученици, родители | Мај |
| Македонци, Бошњаци, Срби, Роми, Албанци и ученици и наставници од други националности и држави | Покана на ученици од муслиманска вероисповест и запознавање со христијанските традиции по повод православниот празник Духовден | Одделенски и класни раководители, стручна служба, ученици и наставникот по етика во религиите, стручната служба, директорот | јуни |

**План за МИО активности во средно образование**

**<u>Мисија на училиштата</u>**

Младите луѓе кои се школуват во средно образование , а припаѓаат на различни култури и етникуми, се оспособуваат за работа и живот. Училиштето ја поттикнува довербата и почитувањето на начин кој што заслужува доверба од нашите ученици, нивните родители и сите вработени.

Наставниците континуирано и професионално се усовршуваат на сите образовни полиња и прифаќаат нови предизвици и модели на учење. На тој начин се обезбедува квалитетна и современа настава којашто е приспособена на потребите и интересите на учениците од сите етнички припадности.

Училиштето презема најразлични активности со кои поддржува партнерски односи меѓу учениците, наставниците и родителите од сите етнички заедници.

Поточно, ова училиште претставува организирана и квалитетна средина за да се обезбеди индивидуален развој на учениците и наставниците и да ги афирмира одговорностите, меѓусебното разбирање и етичките стандарди.

**Визија на училиштата**

- Средните училишта ќе бидат безбедна и дисциплинирана средина во која учениците се запишуваат и учат со задоволство во современа настава која е квалитетна и прилагодена на интересите на сите ученици, наставници, општината и државата.
- Од средните училишта ќе излегуваат комплетно оформени личности со стекнати стручни знаења и како такви сигурно ќе зачекорат во понатамошниот живот давајќи го својот придонес во општеството. Истовремено, средното образование ќе придонесе кај учениците да се развива свеста за правата, обврските и меѓусебното почитување на сите култури и етникуми.

**Општи цели**

Да се придонесе за развој на мултикултурна средина, меѓуетничко разбирање и соживот помеѓу учениците, родителите и наставниците од сите етнички групи за креирање на модерно и современо училиште каде ќе постои меѓуетничка соработка и интеграција во училиштето и надвор од него.

**Методолошки пристап и принципи на МИО на ниво на училишта**

Во согласност со можностите на училиштето и општината ќе се примени следнава методологија.

- **Соработка и заедништво** помеѓу ученици од различна етничка припадност (соработката помеѓу учениците од различна етничка припадност е клучна за успешно спроведување и реализирањето на наставните и вонннаставните активности и постигнување на очекуваните резултати).
- **Активна вкученост на учениците, родителите и наставниците од сите етникуми** во планираните активности.
- Во **реализација на активностите** ќе бидат вклучени членовите на СИТ, наставниците и општина Кавадарци.
- Користејќи ги **социјалните медиуми** за промовирање на концептот за МИО.
- **Еднаква вкученост на учениците, родителите и наставниците од сите етникуми** во планираните активности.
- Постигнување на **соработка и взаемна доверба** помеѓу учениците од различна етничка припадност.

**Целна група**

Ученици од средните училишта од Кавадарци од сите етнички припадности.

**Временска рамка**

| | Месец 9 | Месец 10 | Месец 11 | Месец 12 | Месец 1 | Месец 2 | Месец 3 | Месец 4 | Месец 5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност 1** | - утврдување на состојбата | - подготвени посебни планови за секоја предвидена конкретна активност (секој тим реализатори го има приложено до СИТ-от својот план) | - Подготовка на тестови, | -ОЖВ работилници Мултикултурни работилници | - Литературно творење, драмски изведби, решавање задачи во парови, ликовни презентации, изработка на Новогодишни украси, честитки за 8-ми Март,еко-цртежи | - Литературно творење, драмски изведби, решавање задачи во парови, ликовни презентации, изработка на Новогодишни украси, честитки за 8-ми Март,еко- | - Литературно творење, драмски изведби, решавање задачи во парови, ликовни презентации, изработка на Новогодишни украси, честитки за 8-ми | - Планирање на активноста, организирање на игри и спортски активности | - Литературно творење, драмски изведби, решавање задачи во парови, ликовни презентации, изработка на Новогодишни украси, честитки за 8-ми |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | цртежи | Март,еко -цртежи | | Март,еко -цртежи |
| **Активност 2** | - подготвена листа на самостојни активности на училиштето | -Размена на материјали, | -Посети и екскурзии; | - Еднодневни акции/проекти, | | - Презентација на активностите пред наставниците, учениците и родителите општината и клучните образовни институции. Континуирано ажурирање на информац | - Планирање на активноста, интернет поврзување, изведба на песни | | - Презентација на активностите пред наставниците, учениците и родителите општината и клучните образовни институции. Континуирано ажурира |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | ии на порталот за МИО на училишната веб страница. | | | ње на информации на порталот за МИО на училишната веб страница. |
| **Активност 3** | - подготвена листа на потенцијални заеднички активности со училиште од друга етничка припад | | | - Обработка на теми со мултикултурна содржина | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ност | | | | | | | | |
| **Активност 4** | - работна средба за планирање со СИТ-от од евентуалниот | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | партнер училиште | | | | | | | | |
| **Активност 5** | - Заедничко планирање на часови, | | | | | | | | |

<u>**Законска рамка и можности за имплементирање на МИО во училиштата за средно образование**</u>

**Член 24-в**

(1) Училиштата може да организираат активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата.

(2) Основните критериуми според кои треба да се организира една конкретна активност од ставот (1) на овој член се смета активност која што има за цел интеракција, односно интеграција на етнички/јазично мешани групи учесници, балансирани групи учесници според етничката припадност, полот и возраста, интеракција меѓу учесниците од различните етнички/јазични групи (во текот на активноста учениците од едниот наставен јазик/едната етничка група контактираат со учениците од другиот наставен јазик/другата етничка група, користење на сите застапени јазици, рамноправен третман на учесниците од сите етнички/јазични групи, постигнување конкретни - заеднички цели (опипливи/видливи продукти) со учество на сите застапени етнички заедници.

<u>**МИО активности во стратешки документи на училиштето**</u>

МИО активности се планирани во следниве документи на училиштето:

- **Годишна програма** на училиштето за учебната 2019-2020 година;

- **Акционен план за МИО** во учебната 2019-2020 година;

- **МИО активности** во склоп на годишните планирања на наставниците.

**<u>Подготовка на наставниците за имплементација на МИО активности</u>**

Тимот (СИТ) за МИО активности во средните училишта го сочинуваат наставници, психолози и други стручни служби .

Овие членови на СИТ-от ги посетуваа обуките на проектот ПМИО.

- Од страна на СИТ-от направена е самоевалуација во училиштата за потребите на ПМИО, со која беа опфатени учениците, родителите и наставниците.
- Извршена е дисеминација на обуката од страна на СИТ во училиштето во која беа опфатени директорот (1), наставниот кадар и стручните соработници во училиштата.
- Од страна на членовите на СИТ-от, во минатите учебни години, се до денес, тековно се едуцираат нововработените наставници и стручни соработници.

**<u>Активности за унапредување на МИО во средно образование</u>**

Со цел унапредување на МИО активностите во училиштата е предвидено да се обнови соработката со претходните партнер училишта и да се реализираат заеднички МИО активности (во зависност од финансиските можности на двете училишта) или да се воспостави соработка со некое училиште чија настава се изведува на друг наставен јазик, различен од наставниот јазик во нашето училиште (македонскиот).

**<u>Видови на планирања на наставниците во кои се застапени МИО содржини</u>**

| ПЛАНИРАЊА НА НАСТАВНИЦИТЕ<br>на МИО активности во учебната 2019-2020 година | | |
|---|---|---|
| **Планирани часови со МИО содржини во училиштето во наставата или вонаставните активности** | Во редовна настава | 24 |
| | На класен час | 30 |
| | Воннаставни активности | 18 |

**Размена на искуства и информации при планирање на наставните содржини на наставниците за МИО активности**

При планирање на наставните содржини на наставниците за МИО активностите е планирана работна средба за размена на искуства и информации со СИТ-от со партнер училиштата. со планираните средства и во соработка со општината ќе се остваруваат работни средби.

**Промовирање на МИО активностите**

Промовирањето на МИО активностите во училиштата се врши со презентација на активностите пред наставниците, учениците и родителите, општината и клучните образовни институции, континуирано ажурирање на информации за МИО на училишната веб страница и на фацебоок профилот на училишниот весник.

Исто така поважните настани и МИО активности ќе бидат и медиумски покриени од страна на локалната телевизија КТВ.

**Училишна клима и односи во училиштето**

Во училиштата како воспитно-образовни институции учествува ученикот, наставникот и сите други внатрешни и надворешни фактори со чие взаемно делување се овозможува реализација на воспитно-образовниот процес.

Во училиштата на секој ученик треба да му се обезбедат услови за стекнување на научни вистини кои ќе бидат дел од неговата свест и верување и ќе бидат мотив за негово практично делување.

Ученикот во училиштето преставува субјект кој има свое посебно место, улога, свои права, но и свои обврски и должности кои треба да ги оствари.

Тој ја запознава стварноста и стекнува научни вистини и знаења.

